## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на 71-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 октомври 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10.44 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието.

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги,

Продолжуваме со работа по 71-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубчо Георгиевски, Илинка Митрева, Лазар Китановски, Данаил Дончев, Кенан Хасипи, Андреј Жерновски, Фијат Цановски, Хади Незири, Али Ахмети, Фазли Велиу, Азис Положани, Арбен Џафери, Мендух Тачи и Џевд Адеми, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Точка 1 - Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година,**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Бидејќи сме на амандманот поднесен од пратеникот Благој Зашов, во тој случај претпоставувам за збор се пријавила, има збор пратеник госпоѓица Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Дозволете ми на почетокот да го изаразам своето негодување и своето жалење што во салава денеска, додека расправаме по овој амандман, првите два реда на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се празни. Воопшто не се дојдени пратениците од ВМРО-ДПМНЕ кои беа носители на пратеничките листи и кои во текот на кампањата ветуваа дел од Програмата од 100 чекори што се однесува на стечајците...

**Иван Анастасовски:** Ако може за амандманот ќе ве замолам.

**Славица Грковска:** ...и за возврат на нивните гласови им ветуваа дека ќе го решат нивниот проблем. За жал, тука не го гледам ниту предлагачот на амандманот. Покрај вас, потпретседателе, има само уште еден пратеник од пратеничката група на НСДП. Навистина, јас не знам како да го протолкувам овој гест на владеачката коалиција, заради тоа што она што го слушаме повеќе од една година од пратениците на НСДП е дека изразуваат надеж дека прашањето на стечајците ќе се реши. Она што го слушаме од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ е дека тоа ќе се реши во склоп на одредени чекори што Владата ги предлага. Меѓутоа, освен ова, повеќе од една година додека е на власт оваа владеачка гарнитура, единствено што можеме да видиме е игнорантски однос на стечајците кои се пред Собранието, кои се сеуште во шаторите, меѓутоа ниту еден од владеачкото мнозинство и од Владата не им обрнува никакво внимание, ниту пак им кажува какви мерки, од оние што им ги ветуваа во текот на предизборната кампања ќе се преземаат за решавање на нивниот статус.

Јас очекував, во најмала рака, тука да биде присутен господинот Тито Петковски, како претседател на НСДП, заради тоа што Тито Петковски беше од оние носители на листи, од оние лидери на парти кој најдецидно вети дека ќе го реши прашањето на стечајците. Јас се прашувам какво е влијанието на НСДП во владеачката коалиција, кога повеќе од една година не успева да го наметне својот став и да се наметне со својот удел во Владата, да избоксува и издејствува прифаќање на закон за регулирање на правата на стечајците, и во најмала рака, влијание врз парламентарното мнозинство, да го прифати вој амандман предложен од пратеникот Благој Зашов.

Јас се надевам дека одбивањето на овој амандман од страна на претставникот на Владата, кој во овој момент разговара и не ме слуша, дека не значи компензација на уште некое директрско место на НСДП за возврат на одбивањето на овој амандман, затоа што прашањето на стечајците не е за поткусурување и за преговарање и добивање дополнителни директорски места туку напротив многу сериозно прашање што оваа владеачка гарнитура, веќе во предизборната кампања вети дека ќе го реши. Јас упорно ќе ја потсетувам на ветувањата што се дадени.

Овој амандман во споредба со средствата што Владата ги користи за кампањите за промоција на нејзината политика е минорен во споредба со средствата што Владата ги троши и за промоција на Груевски како премиер и на министрите и за бесмислени кампањи меѓутоа значат многу за оваа категорија на граѓани што чекаат веќе половина година, да се направи некаков чекор и некаков обид во насока на решавање на нивното прашање.

Тоа што мене ме загрижува е несериозниот однос на пратеничките групи во владината коалиција, затоа што и вие потпретседателе вчера рековте дека немате никакви информации од министерот дали ќе го прифател амандманот или не, што укажува на тоа дека нема никаква природна комуникација меѓу владините партнери. Многу ми е чудно што на ваков начин единствената шанса ја гледате во министерот, без претходно да се обидете да лобирате и ако сте сериозен или ако ве третираат како сериозен партнер во Владата, да успеете да издејствувате прифаќање на овој амандман уште пред да дојдете тука.

Вообичаено ние се соочуваме од страна на министерот, без никакво образложение, да го отфрли амандманот, а јас навистина би сакала да слушнам од кои причини за миистерот за

финансии Трајко Славески не е прифатлив овој амандман. И, во најмала рака, како мисли Министерството за финансии или Владата да го реши прашањето со стечјците, заради тоа што тоа е еден од стоте чекори што ВМРО-ДПМНЕ и оваа коалиција вети во предизборната кампања дека ќе ги решава.

Сега, се разбира дека ќе ги игнорира безобразнитре дофрлања од мојата лева страна, од моите колеги, заради тоа што не очекувам поинаков однос од нив, додека траеше вчера дебатата за овој амандман, пратениците од првиот ред на ВМРО-ДПМНЕ се смееја и си играва мајтап за ова прашање...

**Иван Анастасовски:** Ако може за амандманот да говорите.

**Славица Грковска:** За амандманот зборувам цело време потпретседатее.

Заради тоа што сакам да кажам дека ова прашање не дозволува таков несериозен однос од страна на пратениците. Уште повеќе, реков, од страна на носителите на листи на ВМРО-ДПМНЕ кои го ветувале тоа во текот на предизборната кампања. А вчера, ниту пак имаа сериозен однос додека го слушаа образложението по овој амандман, ниту пак се денеска присутни во салата да кажат што мислат и на кој начин мислат да го остварат ова свое ветување. Такви паушални оценки или паушални кажувања дека ќе биде тоа дел од пакет на владини мерки, а никој не знае тие владини мерки какви се, воопшто неможам да прифатам. Уште повеќе што до сега, реков, не се направени никакви поместувања за решавање на прашањето на стечајците.

Затоа би било добро да дојде и господинто Тито Петковски и да каже, како лидер на НСДП како смее или каков договор направил со Груевски, со Џафери, покрај договорот за Републички судски совет, дали ова прашање што е едно од клучните прашања за кое што имаше конкретно ветување во текот на кампањата го поставил на маса за договор со Груевски и со Тачи и е еден од приоритетите во агендата на НСДП и ВМРО-ДПМНЕ.

Зошто ова го велам? Заради тоа што на една од претходните седници, генералниот секретар на НСДП, колегата Горан Мисовски кажа дека е нормално НСДП да биде во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ заради тоа што 90% од Програмата на НСДП е идентична со Програмта на ВМРО-ДПМНЕ, па затоа сметам дека нема проблем да најдете заедничи јазик. Да се усогласите за прифаќање на овој амандман, исто така да се усогласите и за законот што ќе го реши прашањето на стечајцуте, Уште еднаш го повикувам господинот министер, место да се занимава со ИТ технолoвиите на седницата и да дискутира, да даде конкретни објаснувања за политиката на Владата што Владата ја планира за решавање на прашањата на стечајците и да апелирам игнорантскиот однос на Владата кон стечајците, кои се пред Собранието веќе речиси половина година, да престане, заради тоа што на тој начин Владата не го решава прашањето. Напротив, само го продлабочува уште повеќе.

Тие ветувања што Владата ги даде во предизборната кампања. верувајте дека граѓаните очекуваат да се остварат. А тоа сигурно не се кампањите кои што Владата ги форсира за промоција на неговото височество Груевски и на одредени владини политики. Граѓаните сигурно не плаќаат данок за тоа. Туку напротив плаќаат данок за решавање на нивните суштински проблеми. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам. Три минути реплика за Митаноски Веле, повелете.

**Веле Митаноски:** Колешката кажа дека ние од левата страна сме дофрлале. Јас тоа никогаш не сум го сторил, ниту ќе го сторам додека сум во овој храм на демократијата.

Прво сакам да ви кажам, јас не сум адвокат на Мисовски, меѓутоа не смејат тезите да се превртуваат.

Прво, никој од НСДП не кажал дека 90% е иста Програмата со ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, сме кажале, а јас ќе повторам, дека во делот на социјалата 90% од нашите залагања ги поддржува ВМРО-ДПМНЕ. Затоа не е добро на овој начин, од вчера провејува една нитка во СДСМ да не скараат на некој начин.

Нам, не ни беше целта ниту да се додворуваме на ВМРО-ДПМНЕ, ниту на сите вас, ниту пак да ја доведуваме во прашање коалицијата. Нам ни беше целта да решиме еден проблем, на една категорија на граѓани. Ви благодарам што вчера ја спомнувавте НСДП во вашите говори, многу повеќе отколку штоние за сите овие месеци сме ја спомнувале, самите пратеници од НСДП.

Меѓутоа, немојте да ги превртувате тезите. Па затоа уште еднаш ќе повторам, ние го поднесовме овој закон за да решиме прашање на една категорија. Немојте на овој начин да ни подметнувате кавги, да не омаловажувате, да не тестирате колку сме јаки во коалицијата и тн., ако ви се искрени намерите кон стечајците.

Дајте, сите заедно да го решиме тој проблем, да не печалиме ситно, како што вие колешке печалите ситно во овој случај. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Една минута контра реплика, пратеник Грковска Славица.

**Славица Грковска:** Господине Митаноски очиглено не сте ги следеле седниците. Видете ги стенограмите, ќе видите дека господинот Мисовски на една од седниците, во една од репликите насочени кон мене кажа дека 90% од програмата на НСДП е идентична со ВМРО-ДПМНЕ и ми порача да не се чудам што сте во коалиција.

Меѓутоа, јас не можам да го оправдам вашиот страв или вашата потреба постојано како партија

да ги убедувате останатите граѓани дека не сте во кавга со ВМРО-ДПМНЕ, дека одлично функционира коалицијата, дека не поднесувате нешто за да направите проблем во коалицијата. Не знам зошто имате потреба за тоа.

Ние сме искрени кога велиме дека треба да се реши проблемот со стечајците. Јас имам впечаток дека вие не сте. Имам впечаток дека само да кажете дека се држите до ветувањата во изборната кампања поднесувате амандмани и закони, ама овие лошите од ВМРО-ДПМНЕ не ни ги прифаќаат, не можеме да се усогласиме и затоа не можеме да го убедиме парламентарното мнозинство да ги прифатат.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со расправа по амандманот.

Има збор пратеник господин Ивановски Игор, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам господине потпретседателе.

Веќе не знам по кој пат расправаме за истиот проблем, некогаш Предлог на закон, некогаш со измени за амандман на Буџетот, сега веќе со понудени амандмани за ребаланс на Буџетот.

Без разлика кој го дава амандманот, јас нема да навлегувам во мотивите и потребите тоа да го направи некој пратеник или некоја партија, но ќе разговарам за проблемот.

Бидејќи веќе станува очигледно на кој начин се спроведува политиката на ВМРО-ДПМНЕ, тие ќе излезат на избори, ќе излажат еден куп работи, кога ќе дојдат ќе кажат пу-пу тоа не важи.

Јас бев светок кога во изборната единица 4 колешката Силвана Бонева и некој друг од нивната листа, сега не ги знам, ветуваа и луѓето можеа да ни кажат дека се спомнуваа и се лицитираа со суми од 6-8, во зависност од колку гласови се потребни до 10 илјади денари месечен надоместои за стечајците.

Јас нема да навлегувам во тоа кој го создаде проблемот со стечајците. За тоа говорев на една друга седница, исто така посветена на Буџетот. Се надевам дека оној судски процес што се води за Смиленски, каде еден од клучните сведоци се Никола Груевски и Љубчо Георгиевски ќе даде одговор како лоша политика, во режија на Владата и тогашниот министер за финансии продуцира огромен број на стечајни работници. Дел од нив се токму од тие фирми. Јас ја разбирам потребата на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ да речат дека тие се доселиле од Шведска на последните избори. не живееле во Македонија во изминативе години. Ама луѓето кои живеат неколку месеци надвор, во субстандардни услови знаат кој го направи проблемот. Но, уште повеќе сакаат да знаат кој ќе го реши проблемот. Јас не можам да разберам да оваа Валда наоѓа во пет до 12 пари од денеска за утре, кога треба да се одобрат пари за доделување на наградата “23 Октомври” на ВМРО-ДПМНЕ, тоа се случи на Комисијата за финансирање и буџет, кога еден ден, претходниот ја усвоија наградата, ВМРО-вска, видоа дека имаат грашка, немаат пари, веднаш се нацрта за пет минути државниот секретар, по налог на министерот за финансии, не знам од која партија е, веројатно од ВМРО-ДПМНЕ е државниот секретар на финансии и за пет минути ги најдоа парите. Од каде земаа, кого оштетиј, не знам. Не ни кажаа. Но, покажува дека секогаш кога има партиски интерес како во тој случај со наградата ВМРО-ДПМНЕ сега доаѓа времето да видиме колку пари ќе бидат потрошени...

(Реакции со дофрлања од место)

Како?

(Претседавачот предупредува на ред со ѕвончето).

Па, излезете ако не сакате, ако сте нервозни, излезете надвор.

**Иван Анастасовски:** Ќе ве молам, има и реплики.

Јас ќе ве замолам да се држите до амандманот.

**Игор Ивановски:** Секогаш кога има потреба од партиски пари, за партиски цели Владата ги наоѓа. Една бизнис карта на Глигор Ташковиќ во една европска едстинација чини 1000 евра. Стечајците бараат надокнада од околу 5000, најниската сума што ја понудија. Тоа е приближно до најниската сума, нешто повеќе од 80 евра. Значи, со една бизнис авионска карта на Глигор Ташковиќ месечно може да ссе алиментираат 12 стечајци, односно 12 фамилии, за покривање на минимум, во овој момент од покачените средства. Кога ќе шета целата екипа во туристичка бизнис посета на Италија и Австрија, каде е министерот за финансии, министрите за развој, за економија или не знам кои други и ќе потрошат околу 50-100 илјади евра, а ќе се вратат со нула резултати освен со полни кеси од шопинг, ќе можеме да констатираме колку пари од тие се потрошени и не се дадени на овие кои неколку месеци протестираат надвор.

Кога ќе ги погледнете кампањите, за кои што упорно не знаеме колку чинат, но по некои одредени пресметки ќе видиме дека можеби вонекој климакс на месеци се трошат по три милиони евра за рекламирање на Владата, што надвор, што внатре, ќе пресметате колку лесно до колку се откажат од нивните манипулации на јавноста, ќе може да се помогне на тие луѓе доле и семејства.

Портпаролот на Владата или сега министерот, според новата систематизација, Боцевски или некој си портпарол во МВР кој се дрзнува со моите пари, како граѓанин на Република Македонија да влегува со партиски пресметки и преписки заработува околу 500 евна месечно, е па со тие 500 евра може да се алиментираат околу шест лица од оние кои седат надвор, месечно. Изведете ги партиските кари што ги имате ставено за манипулација и пресметка со

СДСМ и со останатата опозиција, полесно ќе ги добиете парите.

Тоа покажува дека, ако се земе предвид воведот на сегашниот министер во овој наврат, а и во сите претходни, а верувам и во некои идни, дека резултатот на зголемување на Буџетот е резултат на заживеаната економска активност, што е лага на крајот на краиштата, ама еве да го земеме како теза и заради тоа има можности за зголемување на платите и надоместоците на државната и јавната администрација, а како нема за оваа категорија на граѓани. За сите има, т.е. се извинувам, нема за сите, има за тие за кои ВМРО-ДПМНЕ мисли дека ќе може да ги манипулира, тука е најголемата заблуда, тоа ќе го видите на избори, ама за нив може да се обезбедат пари, за министрите и за нас пратениците доколку сакате повеќе може да се обезбедат пари лесно, со еден амандман, ама само за таа категорија на луѓе надвор, за нив нема. Има за патувања, има за ручеци, има за набавка на мебел, има за разноразни трансфери по 50-60 луѓе вработени по кабинети кои немаат каде да седнат и шетаат со хартиите во раце, ама треба да се вработуваат партиските кадри. Е, за оние луѓе кои некој си Смиленски и некој си Груевски во тоа време и некој си икс други луѓе, дозволиле фирмите да пропаднат со фиктивни договори, за нив нема никогаш пари. И замислете, врв на одбраната од целото ВМРО-ДПМНЕ вчера беше пратеничката Бонева, која е една од најзаслужните за подигнување на очекувањата на овие луѓе за време на изборите, која вели знаете, тоа може да падне на Уставен суд. Голема работа кажа! Вие носите одлуки како вчера со кои прекршувате и Устав и нормална политичка логика, за стечајците однапред знаете и се секирате и сочуствувате дека можеби некој закон ќе паднел на Уставен суд. Па дајте усвојте го, па да видиме дали ќе падне. Зошто за ОКТА го изгласавте законот вие и некои од вашите колеги...

**Иван Анастасовски:** Да се вратиме на амандманот колега, не за законот. Дискутираме за амандманот, да се обидеме да го дискутираме.

**Игор Ивановски:** Се извинувам потпретседателе, пред неколку години во истиот овој дел, можеби некои се нови, има и дел од нив, од Павле Трајанов и останатите, кои го гласаа билатералниот договор за ОКТА и сега 100 милиони евра ни се испорача фактура и Уставниот суд го укина. Зошто тогаш не го користеа истиот аргумент кога гласаа лукративен и корупциски договор, и знаеа априори дека тој е корупциски, а сега за стечајците се секираат дека проблемот им бил Уставниот суд. Не е проблемот Уставниот суд, проблемот е што вие во континуитет лажете, што ги излажавте луѓето и не сакате да го спроведете ветувањето кое што им го дадовте. Затоа кружите околу Жена парк по 2 километра и не поминувате покрај нив, зашто ви е срам да ве видат. Затоа што велите дека има пари за се во оваа држава, а немало пари за нив, а имало пари за сите други вмровско-маркетиншки стрипови кои ги правите по телевизиите.

Има ли пари господине министре Македонската телевизија да се спреми за пола саат да организира директен пренос од легедарниот говор на премиерот Груевски, а нема пари за платите на нивните вработени и вие од Буџетот сега ќе префрлате пари, а за стечајците нема. Е тоа е разликата во концептот и во политиката која што е демаскирана, бидејќи тие луѓе таму ќе седат уште неколку месеци благодарение на вас, а имаат и семејства, и вие ќе ги носите на душа, бидејќи и вие го земавте гајлето да го решавате, а не да бегате и сега да се криете и да ја бутате главата како ноеви и да велите проблемот не постои и ќе го сведеме на внатрешно коалициски надмудрувања и пазари. Јас не навлегувам и нема воопшто да му реплицирам на колегата Веле Митановски, ќе бидам среќен ако некоја партија во една коалиција смета дека мнозинската или доминантната ја спроведува програмата. Тој ќе рече Владата ги спроведува 90% социјалните прашања. Ако социјалните прашања се тоа Јанкуловска да патува кај стигне и да плаќа новинари за пресметка со СДСМ, се извинувам портпароли внатре во Министерството да се пресметуваат со СДСМ, ако социјалните прашања се како на Ташковиќ и на Самак да им ги плаќаме базените надвор во странство и викендичките, тогаш, да, Владата не 90% туку 100% ги исполни социјалните барања, ама на министрите, на заменицитe министри, државните секретари, на сите оние кои што претставуваат естаблишмент во оваа држава. Е па ако тоа се социјални прашања битни за оваа држва, секоја чест. Трошете ги и понатаму парите на вашите ексклузивни потреби за кои што верувам дека акумулирани со текот на животот и потребата да ги реализирате, сега велите ги начекавме 4 години, ајде да видиме како изгледа власт да функционира, па ќе шетаме, ќе патувате, ќе рекламираме, ќе измислуваме разни причини и замислите многу е лесно да трошите туѓи пари. Тоа Груевски најдобро ни го покажа во периодот 2000-2002 година. Потроши се живо и диво што можеше, ја заложи оваа држава, си отиде и после некој друг требаше да ја оправа целата работа. Е тоа е сега истото на пат, ќе го направите буџетскиот дефицит огромен, девизните резерви постепено веќе го направивте концептот за трошење, водите демагогија политика во смисла дека сте биле против продажба на ЕСМ, а ги трошите парите ставени во резервите на државата од ЕСМ, велите дека имате извонреден концепт за енергијата, месец дена РЕК Битола ви е во колапс вклучително и до вчера и не кажувате колку пари во разлика на цена се плаќаат во моментот, а за стечајците...

**Иван Анастасовски:** Колега се извинувам. Ќе ве молам да се вратиме на она што Благој Зашов го запишал во амандманот.

**Игор Ивановски: С**е враќам, а за стечајците немало пари.

**Иван Анастасовски:** Така ве молам, вратете се, да ги убедиме колегите.

**Игор Ивановски:** Знаете господине потпретседателе како лесно ќе се реши проблемот? Малку да се поконцентрирани на работата и да не им паѓаат производствените блокови за производство на струја во оваа држава, да не иде разликата во цена за набавка по киловат часови во ВМРО-вски фирми и истите тие пари да ги дадат доле кај стечајците. Можат, бидејќи Македонија е сиромашна држава, ама не до толку да не може да покрие барања на одприлика 6000 луѓе кои се симнуваат на работ на минимум егзистенција и бараат 5000 денари по моите информации како посебно месечно. И за се има пари, да не се повторувам, повторно само за нив - тоа покажува дека оваа Влада и ова парламентарно мнозинство одлучи да го користи методот на ветување, лажење и неспроведување и понатаму бегање. Сега не знам каде ќе избегаат бидејќи ние сме мала држава и ќе треба сите во своите градови да може да се соочат со луѓето кои 2006 година во јули месец ги испратија со очекувањата во овој законодавен дом да им ги решаваат, а не да им ги загорчуваат проблемите и за жал, бидејќи е очигледно што ќе се случува станува јасно дека ВМРО-ДПМНЕ веќе влегува во својата кулминација на пазарот на арогантноста и на бескрупулозното трошење на парите од граѓаните, за кои што понатаму казната секако ќе стигне. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

За реплика три минути пратеник господин Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Почитуваниот колега изнесе многу работи од кои најповеќе за маркетиншките агенции да се позанимаваат со вакви работи, а многу малку околу она што беше и самата точка на дневен ред или амандманот за стечајците. Јас само ќе потсетам дека навистина е жалосно она што го гледаме пред Жена парк надвор, шаторите, но доколку и ОКТА и ФЕНИ и многу други такви фирми кои беа во самиот врв на листата од најголемите загубари ги претворевме во стечајни работници, господине Игор, не ќе можевте ни вие да дојдете до Собранието, а не да појдете таму и да подбуцнувате мал раздор. Вашиот говор беше полн со иронија и цинизам и ќе напомнам само дека добро е тоа затоа што знаете, во вашата партија - ќе се послужам со народна поговорка, давеникот се фаќа за сламка. Во моментот кога партијата ви се распаѓа, нормално дека вие топката ќе ја префрлите на она што е малку околу НСДП, малку околу ВМРО-ДПМНЕ и стечајните работници. Ќе напомнам само дека на стечајните работници ВМРО-ДПМНЕ во изборната кампања не ветуваше, сте ги помешале работите, туку реално кажавме врз основа на одредени сознанија онолку колку што ќе може да се помогне на одредена маса на луѓе, тоа ќе го направиме, како што е и технолошкиот вишок, затоа што и луѓето кои заминаа како технолошки вишок сите не беа на доброволна база, некои беа принудувани да заминат како технолошки вишок. Значи за нив треба да се грижиме и тогаш ќе дојде дека половината држава која што вие ја направивте да биде стечајна маса и да бидат технолошки вишок ќе треба сега ние да ги враќаме. Зошто не се вратите назад и отворено не кажете кои ја создаде оваа стечајна маса, овие стечајни работници. Кажувате доколку се работело поинаку, се согласувам јас, помалку резервни делови, помалку продажба на имоти кои што беа давани по паушали, тогаш не ќе имаше потреба од вакви амандмани, Владата ќе имаше доволно средства за да обезбеди и да им го врати на луѓето она што на некој начин вие сте им го одзеле, сте ги пуштиле на улица. Сега кога сте ги пуштиле на улица, најлесно е да кажете, сега дојде ВМРО-ДПМНЕ, сега ајде да ги згрижиме. Бевте на власт, зошто не ги згриживте? 4 години пред нас бевте на власт, па никогаш не пројавивте желба дека тие стечајни работници треба да добијат нешто. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** За тоа кој го создаде проблемот за стечајците, ако имате комуникација со вашиот премиер Никола Груевски отидете во Влада, има список на фирми кои веројатно ќе му ги побараат на суд каде што директно одлучуваше како министер за финансии со Смиленски и со многу други како него. А за тоа дека продолжува трендот на можно создавање на стечајци господине Цветко Грозданов тоа најдобро го знаете вие со ЕМО Охрид каде што веќе продолжува ВМРО-вската тортура за огромен број на луѓе од Охрид само затоа што не се членови на ВМРО-ДПМНЕ, ги бркате надвор и ги оставате на просјачки стап. Тоа е концептот господине Цветко Грозданов на вашата Влада која што го правеше 1998 - 2002 година и која што го прави сега и немојте да зборувате за овие луѓе како да се точки и амандмани. Сте биле таму пред Жена парк да ги видите? Сте направиле разговор со нив да ги прашате како е и што е, сте прашале што треба да направите? Не. А лесно е да ги земете дневниците од вашите плати како пратеник од Охрид, да не кажете ништо и да се вратите назад во ресторан. Е тоа е разликата.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Дозволете да ја искажам својата својата апсолутна принципиелна подршка на амандманот поднесен од пратеникот Благој Зашов со кој бара

90 милиони денари во овој ребаланс да бидат предвидени во Буџетот на Агенцијата за вработување, а со цел да се обезбедат средства за исплата за надомест на невработени лица кои работеле во фирми, а кои веќе се под стечај.

Принципиелноста на оваа поддршка доаѓа претпоставувам од истата идеолошка матрица на која припаѓаме, а тоа е левицата и нашата заложба за Република Македонија да стане социјална држава и да го промовираме принципот на солидарноста во сите општествени сфери.

Но, дозволете колеги нови социјал демократи, во мене го држав вчерашниот број од Глобус во кој вашиот лидер господинот Тито Петковски говори токму и на оваа тема. Ме заинтригира еден негов навод, кој дозволите да го споделам со вас, вели, СДСМ јавно ги подржува нашите проекти во Собранието главно за да создаде јаз меѓу нас и ВМРО-ДПМНЕ. Господа нови социјалдемократи, самиот ваш лидер говори за дилемата што сте ја имале како новосоздадена партија во очи на минатогодишните парламентарни избори и заклучува дека токму од вас зависеше дали ќе бидете маргинизирани или ќе се промовирате во сериозен политички фактор, го парафразирам говорот на господинот Петковски. Во овој говор вашиот лидер вели дека подобрите аналитичари забележуваат дека без оглед на тоа што НСДП партиципира во Владата на Груевски од време на време реагирала во однос на прашања особено од социјалната сфера. Токму овој амандман се однесува на прашање од социјалната сфера, односно обезбедување средства за исплата на стечајните работници, токму на оние работници кои веќе 8 месеци претставуваат совест и срам на оваа Влада. 8 месеци стојат во очи на Собранието на Република Македонија, а никој до сега иако во тек е вториот ребаланс на Буџетот за оваа година не наоѓа сила и политичка намера, еднаш конечно да се затвори нивниот случај. Господинот Петковски замислете го тврди следното: програмата на новите социјалдемократи се реализира преку остварувањата на Владата на ВМРО-ДПМНЕ предводена од господинот Груевски и, цитирам: "Јас сум задоволен и среќен што без оглед на тоа што ние не се сликаме како нашите колеги од ВМРО во медиумите, најголемиот дел од делот на социјалната програма на НСДП понудена на изборите се реализира". Она што она ми е се уште дилема господа, предлогот за ребаланс на Буџетот пред нас го добивме пред цели 25 дена. Вие не забележавте дека во Буџетот за Агенцијата за вработување фалат, Владата на ВМРО одзела цели 160 милиони и 717 илјади денари. Знаете каде ги ставила? Во програмата на Министерството за економија, Програма Д8 Агенција за странски инвестиции. 170 милиони денари! Каде беше тогаш вашиот лидер да излобира во рамките на владината коалиција да се прифати вашиот предлог. Значи не амандмански да реагирате бидејќи сте рамноправни како што вели господинот Петковски, немаргинализиран партнер во владината коалиција. Партнер чија социјална програма веќе се остварува. Или да бидам поконкретна, барам одговор од вас, очигледно министерот славески не ви го прифаќа вашиот предлог, што ќе се случи кога вашите колеги од владеачкото мнозинство нема да гласаат за вашиот амандман. Дали имаше сила господино Петковски да седне на маса со својот рамноправен коалиционен партнер господинот Груевски да излобира за прашања на стечајците. Токму вие сте поднесувачи на закон за нив, пред не знам колку месеци, а се уште не сте излобирале да дојде на маса, да дојде на дневен ред, на една од закажаните седници кои никогаш претпоставувам нема да го видат својот крај, вашиот предлог закон е на 24 редно место на дневен ред. Што тогаш нови социјалдемократи, со оглед на тоа што вашиот лидер тврди дека приближувањето на ВМРО-ДПМНЕ кон приоритетите на НСДП во сферата на социјалната политика, вели господино Петковски ни дава право кога велиме дека навистина непогрешивме кога влеговме во оваа коалиција во оваа хермафродитска Влада, Влада составена од крајна левица и крајна десница, каде е ефектот од вашата програма во социјалната сфера. Ние не сме нови, но сме социјалдемократи, етаблирана политичка партија, апсолутно подржуваме проекти од социјалната сфера и кога доаѓаат од владин партнер. Затоа ќе гласаме во корист на вашиот амандман, ве подржуваме и ве поздравуваме, но сметеме дека во услови кога на последната интерпелација на Владата предводена од Груевски кога доби 64 гласа подршка, токму вашите 6 гласа во овој момент господа нови социјалдемократи ја одржуваат во живот оваа Влада. Сега останува прашањето, претпоставувам дека најдобар одговор ќе добиете доколку ја преминете улицата и кај оние шатори и кај оние стечајни работници ќе прашаат: навистина ли Владата на ВМРО-ДПМНЕ апсолутно до сега ја реализираше програмата на новите социјалдемократи. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути за реплика министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Од неколку пратеници до сега и од пратеничката Бендевска беше посочено дека има намалување на средствата кај Агенцијата за вработување, да кажам на што се должи тоа. Тоа се должи на еден факт кој е можеби технички, дел од лицата кои што примале надоместок од Агенцијата за вработување во меѓувреме се пензионирале па примаат пензија, а друг дел за среќа, заради политиките на Владата се вработиле и како вработени лица не примаат надоместок и не се на товар на државната каса како такви случаи. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Токму ова прашање го поставив и во текот на вчерашниот ден до министерот. Очигледно требаше многу поголем напор за да предизвикаме и реакција од страна на министерот.

Колкав е бројот на нововработени лица во Република Македонија со оглед на тоа што зборува дека со виртуелната математика што во овој момент ја прави Државниот завод за статистика предводена од госпоѓата Новковска, бројот на невработените го намали за драстични на 200 илјади вработени. Колкав е бројот на пензионирани, а колкав е бројот на нововработени господине министер и дали надоместоците кои до сега ги примаа изнесуваат 161милион денари? Токму толку изнесува намалување на буџетот на Агенцијата за вработување. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

За реплика претпоставувам.

Три минути реплика пратеник господин Митаноски Веле.

А вие се извинувам Благој Зашов, како предлагач сте јавени, за збор? (Добро)

Повелете, три минути реплика за пратеник Митаноски Веле.

**Веле Митаноски:** Почитувани колеги, посебно почитувани колеги од левицата нам идеолошки блиски,

Најнапред, уште еднаш благодарност за поддршката и за рекламата што ни ја правите овие два дена.

Една работа сакам како информација да ви ја дадам, бидејќи постојано прашувате каде е Тито. Не е ни на Сутјеска, ни на Неретва, Тито е со висока државна делегација и партиска германска, имајте трпение уште половина час ќе ни се придружи.

Јас сакам да ви кажам сега нешто најотворено. Нам не ни мина еден закон, нам не ни мина, мене лично еден амандман, јас еве не сум сигурен дека ќе мине и овој амандман. Меѓутоа, што ќе се случи ако не помине? Нема ништо да се случи, еден поет повторно ќе пее утре “силно светнал ден”. Значи нема ништо да се случи. А нам посебно и мене нема да ни се сруши Бисерот. Ќе продолжиме да работиме онака како што сме работеле.

Тоа е, повторувам, долг кон нашата изборна прогрма, немојте, пак велам да ловиме на ситно. Ние сме сосема свесни дека имаме и ние разбирање за дилемите и на министерот и на колегите од ВМРО ДПМНЕ, меѓутоа, ние бараме и тие и министерот да имаат разбирање не кон нас, кон стечајците зошто можеби неуставно е, можеби уставниот суд ќе оспори, јас не знам. Дали беше уставен грабежот, приватизацијата, дали беше законска. Значи, ве молам, сите да замижеме, пред се, се обраќам, сега кон луѓето кои се уште имаат дилеми. Можеби не е се чисто, меѓутоа дозволете да направиме една национална катарза, во однос на грабежот и неправдите посебно кон оваа група од населението. Не знам дали ме разбирате. Дозволете ќе повторам. Низ една национална катарза да се отстрамиме за целиот тој грабеж сеедно кој го направил. Тоа е почнато овде во Парламентот. Јас еднаш зборував. Направен е во оној момент кога е донесен Законот за приватизација, без соодветни заштитни закони, но тоа ние не можеме да го вратиме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Една минута контра реплика пратеник Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Колега Митаноски, најсериозно не ја разбрав вашата реплика. Иако најсериозно мислам дека и вие сами не се разбравте што сакавте да кажете. Се откажувате од нашата принципелна поддршка на вашиот амандман?

Единствената разлика меѓу нас и вас е тоа што вие како крајна левица во овој момент партиципирате во власт, предводена од десница, а ние како левица сме опозиција. Имате ли дилеми или пак имате и не треба кон нас да се обраќате. Замолете ги припадниците на владеачкото мнозинство да го поддржат вашиот амандман, од нас ја добивте поддршката. За да можеме навистина сите сериозно да придонесеме кон решавање на овој мошне суштествен проблем на нашето општство. Проблемот со стечајните работници. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа по амандманот, има збор пратеник господин Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Најрпвин да го изразам своето незадоволство што претседателот на Парламентот не дозволи претставници на стечајците да бидат во галеријата, додека трае расправата.

Такво барање е вчера врачено во 21,00 часот, ноќта како и многу пати до сега,очигледно претседателот на Парламентот, Претседателството, тука не ве амнестирам и вас, потпретседателе, решија ова да не биде дом на граѓаните туку да биде херметички затворен, користејќи ја веројатно сега и онаа немила атмосфера која се создаде по инцидентот од минатата недела. Но сметам дека заслучуваа по 8 месеци поминати од спротива Парламентот, претставниците на стечајците да бидат овде присутни, уште повеќе што верувам ќе има доблест дел од припадниците на владеачкото мнозинство да се погледнат вака иако од далеку, очи во очи со нив, некој можеби ќе дофрлеше зошто не дојде до договор со стечајците во периодот од март 2005 до јуни 2006 година.

Јас, бидејќи за разлика од некој што тајно со нив се среќаваше и ги организираше и ги бунтуваше,

јавно се среќавав, 17 пати. Два пати со нив се сретнав во Штип.

И сега да не се навраќаме како Веле Митаноски, почитуваниот што вели каде е Тито, на забелешката на некој од опозицијата, дали е на Сутјеска или Неретва, се сменија времињата. И самите кажавте со германците е сега Тито. Ама со нашите пријатели социјалдемократите, кои ќе ви ја кажат истата порака што му ја кажаа и на раководството на СДСМ на вчерашната вечера, независно каде се социјалдемократите, дали се во опозиција или се во власт, не треба да ги заборават работниците. И тоа е ваша должност и затоа е една од причините зошто се јавив и зошто го поддржувам овој амандман. Што сметам дека ако добро размисли ќе биде добар поен пред се за министерот за финансии, кој остна, според мене, и понатаму во дилема дали да потроши милион ипол евра до крајот на годината, целисходно да купи време да го реши овој проблем, или овие пари на следниот ребаланс на Буџетот што ќе следи, да ги потроши во кампањата. За не знам која нова кампања.

Остваруваме, веројатно во следните три месеци ќе има потреба повторно од пари. Ќе мора некој пат да дадете отчит кај сте ги потрошиле овие пари. И најмногу ќе ви го триеме носот секој пат кога ќе гледаме кампањи, а не сакате да влезете во една целисходна кампања да го решите овој проблем.

Значи, паѓаат во вода сите небулози пред се што ги кажува Силвана Бонева. Дека било ова против уставно. Беше направен законски проект кој нема да биде против уставен. Значи, се убедија луѓето, сега некои ќе го сметаат тоа за моја маана или доблест, имав доволно време, чим велам 17 средби, во просек со нив не може да биде средбата помалку од 3 часа. Сметајте колку време сме поминале со нив заедно да дојдеме до оваа бројка дека се 6 илјади, колку време било потребно да им се објасни. Дека единствената шанса да сфатат и меѓународните партнери кои сега најмногу го притискаат министерот за финансии. Тоа е Светската банка. Да се покаже дека се тие жртви на транзиција. И дека дел од проектите кои Република Македонија ги имала со Светска банка за трансформација на 25-те загубари, и потоа што имавме проект за уште 7 други големи општествени компании, на крајот не бил совршен модел. Дека останале дел од работниците незгрижени. И сега се во небрано.

Долго време требаше тоа да го сфатат бидејќи на почетокот беа веројатно стимулирани одговорно ќе кажам од ВМРО ДПМНЕ. Не подготвени да се договорат со Владата која беше во последната година од мандатот. Односно беше последната година пред избори.

Се нудеа решенија каде што се бараше од Владата да го реши проблемот на сите стечајци, не само на оние кои биле вработени во претпријатија со доминантен општествен капитал. Односно општесетвени претпријатија кои со трансформацијата успеале да се приватизираат, но не успешно, чим останале толку незгрижени.

Тоа беше мислам едно кукавичко јајце кое постојано го подметнуваше ВМРО ДПМНЕ и затоа се манипулираше со бројката дали се 6 илјади, 16, 26 илјади до фантастични бројки до кои дојдоа, 40 илјади. Бидејќи некој во меѓувреме од ВМРО ДПМНЕ им подметна уште една острица, уште едно шило. Да не се решава проблемот само на стечајните работници, туку и на оние кои се прогласени за технолошки вишок.

И кога се манипулираше, почитуван министре, со такви податоци, која е бројката на овие лица, беше доведена во заблуда, условно речено и другата страна која требаше да го аминува. Вие, пред се сметам вие, не препишувам тука, иако вие милувате сега вашата Влада во преден план да го експонирате Ставревски веројатно како потенцијален претседателски кандидат, па за сите економски успеси да ги собира позитивните поени, тој, мислам дека ова што го имаме како позитивен пресврт во имплементирањето на договорот што го имаме со ММФ. . .

(Пред говорницата поминуваат пратеници)

Можете да му кажете да не се задева?

**Иван Анастасовски:** А што се задева, јас не го слушнав? Се насмеав само. Ве погледна и се насмеа. Не го слушнав што кажа.

**Владо Бучковски:** Не се насмеа, не се насмеа.

Вака, почитуван потпретседателе почнуваат провокациите. Се смееше господинот Тачи кога го напаѓаше. . .

**Иван Анастасовски:** Не знам какви осмеси се тие. Можеби се добронамерни.

**Владо Бучковски:** . . . кога го напаѓаше и Положани.

**Иван Анастасовски:** Не знам. Добронамерни се, можеби. Тоа се ваши односи. Продолжете.

**Владо Бучковски:** Веќе, веќе. . .

**Иван Анастасовски:** Продолжете, да ги решиме стечајците.

**Владо Бучковски:** Веќе на овие од средината и од десно не верувам и кога делат насмевки.

Значи, почитуван министре за финансии, Вие имате добра можност, бидејќи најбитно во овој момент, според официјалните изјави на претставниците на Меѓународниот монетарен фонд е да ја задржите рамката на буџетскиот дефицит. Евидентно е дека ако се прифати амандманот на колегите од Новата социјалдемократска партија, ќе останете во рамките на буџетскиот дефицит. Со ова само купувате дополнителни три месеци да се најде законско решение. Во меѓувреме дојде и Бонева. Бонева е изгубена во космосот. Значи не знае за што правиме муабет. Затоа што и претходно. . .

**Иван Анастасовски:** Да ги бираме, да ги бираме колега зборовите сепак.

Таа беше на координација, за тоа сега. Продолжи.

(Реакции и дофрлања од место)

**Владо Бучковски:** Значи, младиот колега Димоски вака жестоко да реагираше затоа што половина од стечајните работници, се од Киро Кучук, Порцеланка , ќе имавме решение.

**Иван Анастсовски:** Оставете го младинот колега Димоски. Јас зборувам за колешката Бонева.

Колегата Димоски нека си земе реплика и има

**Владо Бучковски:** Нека си земе реплика, нека не дофрла.

**Иван Анастасовски:** Не, јас говорам во однос на колешката Бонева која беше на координација. За тоа.

**Владо Бучковски:** Под наводници, изгубена во Космосот. И сега ќе кажам зошто сметам дека е изгубена во Космосот. Говори за решение дека е спротивно на Уставот, а тоа беше напуштено по првата иницијатива на ВМРО Народна партија некаде во март 2006 година. Затоа што, ајде кога се враќаме назад, имаше интересна тактика сегашното владеачко мнозинство. Отворено ги поддржуваше тогаш новоформирната Нова социјалдемократска партија барањата на стечајците, и одеше другарот Тито Петковски да се среќава со нив во Штип. Од таму ги почнуваше кампањите. Дури се шпекулираше и јас му понудив тогаш на мојот контра партнер во разговорите Стојан Стојанов да се појави на листата на Нова социјалдемократска партија не изборите затоа што очигледно одработуваше некоја агенда на тогашните наши ривали во кампањата која започна во компањите 2006 година.

ВМРО народна партија сакаше да собере поени пред изборите и подготви законско решение, кое неколу пати се модификуваше затоа што доаѓаше во судир со уставните решенија дека сите треба да бидат еднакви и дека само посебни категории кои се набележани во неколку законски решенија, како што е предвременото пензионирање на оние кои имаат условно речено посебен специјален статус, како што се припадниците на Армијата и Полицијата го заслужуваа предвременото пензионирање како категорија. Овие кои тоа го бараа не можеа да ја поминат таа брана во Уставниот суд.

За тоа, сметам дека во меѓувреме се искрисализира решението кое не беше донесено само заради тоа што ВМРО ДПМНЕ во средината на мај по договорот кој беше постигнат во Владата на преговорите кој ги водев јас заедно со поранешниот министер за труд и социјална политика Стефче Јакимовски. Каде што беа дадени изјави дека здружението на стечајните работници го прифаќа решението и по подадената рака, настана инцидент пред Владата на Република Македонија. Каде што група провокатори кои се наоѓаа на потезот 100-тина метри од главниот влез на Владата на паркингот упаднаа во толпата, новинари, при давањето на изјавата на Стојан Стојанов, дека е постигнат договор со Владата и почнаа од името на некои новоформирани иницијативни одбори, да испоставуваат други барања кои го враќаа целиот процес назад. А за потсетување 14 месеци траеше договарањето со оваа група на загрозени граѓани.

И, почитуван министре, ако ние во Уставот сме дефинирале дека Македонија е социјална држава, тоа е главниот адут што треба да го искористе и во преговорите пред се не со ММФ, со Светска банка. Бидејќи Светска банка беше партнерот на Република Македонија во трансформирањето на претпријатијата со општествен капитал. Овие 6 илјади лица се колатерална штета од несовршениот модел што го имавме на приватизација во нашата држава. Искуствата покажаа. Ако се вратиме на назад 15 години во далечната сега веќе 1992 година, да сме го избереле и другиот модел, можеби ќе беше Македонија поуспешна економска приказна во делот на приватизацијата. Ако го изберевме моделот на Ваучер систем на приватизација. Но не го избравме и имаме една приватизација која дефинитивно продуцираше ваква социјална криза, ваква тензија кај повеќе од 6 илјади семејства во нашата држава, кои, биле вработени во претпријатие кои биле општествени.

Да не тргнуваме сега во дефиницијата на општествената сопственост дали е таа сечија, или ничија и дали имаме и денеска ние таков третман на овие вработени. Одговорнос е сега ваша бидејќи спречивте претходната Влада да го реши овој проблем, да изнајдете решение за оваа група граѓано во нашата држава. Не само заради тоа што еден од вашите коалициони партнери условно го условува своето останување во Владата со решавање на овој проблем. Јас овој амандман го гледам како купување на време и од страна на новите социјалдемократи до изнаоѓање на законско решение. Затоа што ова е само во Агенцијата за вработување да се даде можност до крајот на оваа година да се дава надоместок.

Овие луѓе го дефинираа овој надоместок, затоа што беа свесни дека веќе не може да помине решението за предвремено пензионирање. Тие бараат надоместок до периодот до кога ќе бидат вработени. И тука мора да бидеме свесни.

Со нив разговаравме за два модели. Едниот модел да бидат стимулирани работодавачите. Да ги примат овие 6 илјади лица, со тоа што дел од мерките кои во овој момент ги имаме во делот на социјалната политика кои се пред се пасивни мерки. Каде што трошиме енормни високи суми на пари, со што ги дестимулираме и оние кои треба да бараат работа. Затоа си имате проблем со невработеноста. На крајот кога ќе дават отчет од оваа година, џабе овие силни кампањи кои служат за манипулација на македонскаста јавност.Параметрите, нивото на странски инвестиции, нивото, на трговскиот дефицит и нивото на вработување се катастрофални. Вие може да манипулирате со податоци каде што

нивото на корупција, никој не сака да погледне дека е за перцепција која во периодот 2005-2006 година. Каде што од тие 24 месеци вие сте биле власт само 4 месеци и може да имате само една шестина во успехот на овој позитивен тренд што го има Република Македонија.

Но тоа не е битно, добра шанса да потрошите уште отприлика половина милион евра за кампања, а немате пари да го решите овој проблем до крајот на годината со трансфер на одредени средства кои ќе ви дадат добра можност да ги продолжите преговорите со Светска банка и нема да ги доведете пратениците од вашата пратеничка група во непријатна ситуација да се изјаснуваат, како вчера Деркоски или денес со дофрлувањето Димовски или некој трет дека ќе го поддржат овој закон, но знаат дека и сега да го стави на гласање претседавачот амандманот, во салата од владеачкото мнозинство нема повеќе од 40 пратеници. Тоа е единствената шанса, да не ги викате во ваква ситуација да го гласаме амандманот, можеби ќе помине, затоа што нас не има близу 20. Десетмина од вас да гласаат ќе помине амандманот, но вие нема тоа да го направите. Ако тоа сте подготвени да го направите, јас веднаш ќе ја прекинам мојата дискусија и ќе се повлечеме сите, само да помине амандманот, но ќе се види на гласањето дека не сте доволно подготвени да се соочиме со реалноста. Значи ние ја плативме политичката цена со тоа што не го решивме проблемот. Како за други работи што бевте крајно популистички настроени со преткампањата, каде што се обидувавте секој успешен потег или обид да се реши некој проблем да го минирате, сега имате добра шанса затоа што ние објективно ќе бидеме доследни само на она, посебно оние кои беа инволвирани, овде седи половина влада од минатиот состав која знае колку време - може вие министре тоа да го погледнете, да ги погледнете стенограмите - е посветено на ова прашање. Искристализирана е ситуацијата, кристално е јасно за вас колу пари требаат. Треба само да се погледне дали сте подготвени да излезете со една дополнителна мерка. Тоа ќе може да се направи со дел од трансферот на парите кои ги има во Министерството за труд и социјална политика, значи ќе имате 6 илјади потенцијално семејства помалку во оној дел на социјално згрижено население на кое му трансферирате месечно пари. Наместо да ги трансферирате на тие семејства, ќе ги трансферирате на работодавачите, ќе дадете низ погодности да прифатат дел од овие лица да бидат вработени и тука реално ќе има проблем. Реално ќе има проблем. Дел од нив веќе се свесни дека не може да ги добијат оние работни места за кои се квалификувани. Ако ја погледнете структурата од овие шест илјади работници, вчера говореше мојата колешка Верица Филипова, 2/3 се поранешни текстилни работници и тука сега некој кога сака да го префрли товарот кој за што е виновен за транзицијата и неуспешната приватизација во текстилната индустрија, тука се знае, може да говориме за другите теми, но зошто пропадна “Македонскиот Манчестер”, а тоа е Штип, јасно е, заради владеењето на ВМРО-ДПМНЕ 1998-2002 година. За се друго може да се припишува како неуспех, трансформации на други сектори на СДСМ како партија која била година и пол само во изминатите 17 транзициски години повеќе на власт од ВМРО-ДПМНЕ. Овде ова оди на ваша душа. Затоа е добра можност, како што рече некој за катарза и за исправање на дел од неправдата која е направена на овие стечајни работници. Значи ако се погледнат бројките, беше фантастичка сумата што ја бараат ако се прифати решението тие до недоглед да примаат социјална помош и тука беше јасно, самите признаваа министре, ако се сретнете со нив, да не бегате, ќе ви кажат, бараа шест илјади (уфрлување на министерот) - драго ми е што сте се сретнале пет пати, добро е, значи на шестиот пат верувам ќе бидете близу до решението, на седмата средба за среќа веројатно ќе се договорите. Јас стигнав до седумнаеста, не се договорив заради вас, затоа што ги буцкавте, затоа што велевте “барајте, барајте”, тоа што беше едноставно невозможно да го добијат. Сега имате почиста ситуација, бараат по шест илјади денари, но знаете дека ќе се согласат и за помала сума пари, но да има законски прифатливо решение. Еве сега во улога на нивни адвокати тоа е легитимно, го презема тој легитимитет, ја имаат легитимацијата колегите од НСДП. Ние не се приближуваме преку овој проект со нив, ние ќе бидеме блиску веројатно и со други проекти ако дел од владеачката структура се задржи на оваа целна група и ако се обиде да демонстрираме ние идеолошки разлики меѓу левицата и десницата во Република Македонија. Сватиме и ние дека мора идеолошки да се профилираме, веројатно за да биде повидлива разликата меѓу конзервативна партија како што е ВМРО-ДПМНЕ и левичарска партија водечка, како што сака да биде СДСМ, НСДП или утре некоја друга партија која исто така ќе биде блиска на левицата.

На крајот, да завршам, мислам дека со изгласувањето на овој амандман ќе се испрати порака од страна на Владата дека е подготвена во следните три месеци да се најде законско решение кое треба само да отвори можност тие луѓе прво да најдат работа, затоа што тоа го бараат. Но бидејќи реков дека има проблем околу преквалификацијата кај дел од нив, ќе треба да има еден поголем пакет, пакет каде што ќе биде стимулирана преквалификацијата. Се правеше во времето на поранешната влада, го почна и поранешниот министер Манасијевски, го наследи и министерот Стевчо Јакимовски, се обидовме дел од овие луѓе да не бидат постојано од страна на државата стимулирани да го задржат статусот на невработени, туку со преквалификација и со давање на можности од кои некои беа повеќе некои помалку успешни, го критикувавте во првиот момент т.н. “Бранков закон”, имавме и

модификувано решение. Ние всушностземајќи дел од позитивните решени на т.н. "Бранков закон" да излеземе во пресрет и на овие лица, иако треба да бидеме свесни, а и самите тие се свесни, дел од нив и во таква најповолна ситуација нема да се најдат на приоритетните листи на работодавачите и нема да бидат вработени. Треба да се види, бидејќи ќе беше едноставно - ние затоа изгубивме многу време - оваа категорија на лица да беше близу до шестата деценија на животот и да баравме некое решение кое знаевме во вашите пресметките дека ќе го оптоваруваа годишно Буџетот. Ние правевме груби проценки. Кога сите во следните три години министре не би нашле работа, бидејќи месечно ако остане нивното барање, сега е ова максималистичкото барање, значи шест илјади луѓе кои бараа по сто евра месечно, тоа се шесто илјади евра месечно, а 7 милиони и 200 илјади евра годишно. Варијантата никој во следните години од нив да не најде работа, околу 20 милиони евра ќе ја чинат Република Македонија. Треба да се пресметате дали е тоа возможно. Тие самите одеа и во црни сценарија, велеа не е возможно, барем стотина - двеста од нас во првата година ќе се вработат. Оди друга варијанта, гледајте какви сме, знаете дека имаше и сцени каде дел од овие стечајни работници за жал умираа и пред камерите. Тие велат дека врз основа на веќе нарушената нивна здравствена состојба дел од нив со нерешено прашање ќе отидат на друг свет и кога ќе се направи калкулација и ќе се види дека решението кое ќе биде трајно ќе ја чини Република Македонија меѓу 10 и 15 милиони евра.

И гледајќи министре како секој ден се фалите дека со оваа страхо Влада ги натеравте, ги дисциплиниравте сите оние кои досега не си ги плаќале давачките на државата, се фалите со зголемена наплата на предвидените приходи, добро е за Република Македонија, не само за вас, да се излезе во пресрет на ова барање денес. Вие сте вешт очигледно, затоа што повеќе од 10 месеци ги криете податоците колку потроши Република Македонија за кампањите кои ги имавме, за вашиот дел бевте коректен. Се споревме за она "стрижењето", за фризурата, дали сте имале право или не, испадна дека сте имале право, имавме ние и меѓусебна комуникација, вешто сте го искористиле законот, во ред. Имавте вие една кампања, само таа кампања знаеме колку чини. Јас ви тврдам дека сите други кампањи, "Инвестирајте во Македонија", "Оствaруваме", оваа последната што е најступидната кампања што имала со "Стојче Стојчевски" Македонија, и ќе биде добро, како што гледам, некаде ја кратите, полека но сигурно да ја завршите, ја чини Македонија грубо според проценките на повешти од мене од 7 до 9 милиони евра. Добро е да повлечете дел од овие реклами во последните три месеци и да ги најдете овие 90 милиони денари и да излеземе во пресрет на барањето на колегите од НСДП.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Прв за реплика три минути е пратеник господин Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

Да му објаснам на колегата Бучковски. Јас реагирав во моментот кога безобзирно се обиде да ја навреди колешката Силвана Бонева. Исто така, реагирав и во моменти кога дел од нашите колешки ги нарекуваше "плавуши", исто така реагирав колегата Есад Рахиќ кога се обрати со навредливи зборови на една наша колешка. Исто така реагирав кога господинот Рилковски фрлаше со шише по една наша колешка и тоа го правам во континуитет поради тоа што мислам дека е недозволиво она што го правите во Македонското собрание, а тоа е континуирано создавање на конфликтна клима и континуирано дискутирање со употреба на лични навреди. Наместо да дискутирате за темата, вие дискутирате со лични навреди и лични позиционирања. Меѓутоа, тоа е стилот на СДСМ во последнава година, веројатно од за вас познати причини.

Друго што сакам да потенцирам, веројатно колегата Бучковски е премногу фасциниран од синоќешната, како што самиот кажа, средба со претставниците на германските социјал демократи, па наеднаш некако почна да дискутира и за работниците.

Јас не се сеќавам во периодот додека беше премиер и додека беше на власт дека нешто посебно дискутираше за работниците. Или пак да ве потсетам господине Бучковски, со ваш потпис, одлука на вашата влада во која што вие кажувате дека оној закон кој што пратениците го изгласаа за стечајците е неиздржан, неуставен, незаконски, дека ќе ја наруши макро економската состојба во државата итн.

Затоа, кога зборуваа колегите Ацо Киров, кога зборува колегата Влатко Серафимов, колешката Благородна Цветковска имаат право. Меѓутоа, вие, Шекеринска, Тале Герамитчиоски, Јово Манасијевски, Никола Поповски, вие сте тие што донесовте одлука пред само две години дека таков закон е неуставен, дека не може да се реализира итн. Сега едноставно почнувате, доволна ви беше само една средба со германските социјал демократи за да почнете да мислите на работниците. Немојте да мислите дека толку луѓето надвор од оваа сала заборавaат брзо, немојте да мислите дека толку едноставно можете вие нешто да пеомените во перцепцијата на граѓаните. Луѓето бараат чесен пристап, луѓето бараат работливост и луѓето бараат чистина во политиката. Едноставно мене ми е жал што СДСМ е во таква позиција во која што е сега. Тоа е полошо за Македонија отколку за вас самите. Меѓутоа, на Македонија реално и треба една здрава лева опција која што сега СДСМ не може да ја понуди. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика, пратеник господин Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Колега Димовски, како прво, треба да знаете кои се ингеренциита на Владата, а кои се на Уставниот суд. Значи шпекулацијата за неуставно решение беше изречена од устата на вашата пратеничка.

Второ, не видов досега за изминатите 17 месеци ниту една средба на вашиот почитуван претседател на Владата со работници, со земјоделци, па дури ни со бизнисмени. Видов само групни сликања пред камерите и говорење што ќе биде.

Јас ви тврдам, треба да бидеме ние уште малку само трпеливи, условно речено ние опозиционерите. Последната анкета ако знаете да ја читате почитуван колега Димовски говори дека веќе над 40% од граѓаните на Република Македонија кои тврдат дека нема да гласаат за ниту една партија само едно потврдуваат: тие 40% никој пат нема да гласаат за ВМРО-ДПМНЕ штом не го поддржуваат сега. Тие ќе доведат до тоа да се промени власта.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика пратеник господин Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас ќе се осврнам на говорот на господинот Бучковски и на неколку сегменти каде што изнесе негови видувања и ќе поставам можеби некои дополнителни прашања.

(Претседателот Љубиша Георгиевски продолжува да раководи со седницата)

Точно е дека шесте илјади кои што се наоѓаат надвор поточно ширум Република Македонија се колатерална штета господине Бучковски, но приватизацијата трае и уште трае, значи сеуште не е завршена приватизацијата во Република Македонија. Ако напомнеме само 15 години од владеењето на плурализмот во Република Македонија, точно СДСМ беше на власт. Како не смогнавме сили, или не смогнавте сили господине Бучковски во овие 15 години транзиција, да ја завршиме транзицијата многу побрзо како и другите држави на Балканот кои што ја завршија транзицијата, така што за овој временски период не ќе имавме потреба од предлагање вакви амандмани. Зошто во вашето двегодишно владеење не направивте преиспитување на одредени приватизации, како што сега прави господинот Никола Груевски, во кои сметате дека има или сте сметале, и самите вие во вашиот говор кажавте дека има катастрофална приватизација. И моделот го спомнавте и кажавте дека има катастрофална приватизација. Зошто во вашето владение не отворивте ниту еден случај на неправилна приватизација.

И на крајот јас би ви советувал и би ви дал еден мал одговор на вашето прашање каков ќе биде начинот и разрешувањето на стечајните работници. Вие рековте дека има начин, има можности господине Бучковски да се разреши ситуацијата со стечајните работници. Јас ќе ви понудам една алтернатива. Таа алтернатива е следната. Вие рековте дека половина од Владата, од вашата Влада седи тука во клупите на Собранието. Па господине Бучковски заборавивте дека другата половина ви е во Турција. Вратете ја половината од Турција заедно со парите, ќе го решиме случајот со стечајните работници. Ова е алтернативата која што ви ја нудам вас и која на македонската јавност ја сугерирам, вие како бивши премиер имате моќ, имате влијание, влијаете кај вториот дел или втората половина од вашиот кабинет, поточно од вашата влада да се вратат во Република Македонија, но заедно со капиталот, па тогаш ќе ги решиме и стечајните работници, тогаш ќе ги решиме и другите проблеми кои што ги имаме во Република Македонија, кои што настанаа во хаосот кој што го создаде СДСМ во владеењето од 15 години. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Господине Цветко, да владеевме 15 години, Македонија ќе беше член на НАТО и на Европската унија. За жал, вашите четири години од 1998 до 2002 година се како 14 години ропство. Од 1992 до 1994 година, гледате, на вашиот прв премиер му славеа роден ден. Значи не говорете кој колку владееше, ако не познавате математика.

Значи во изминативе 17 години, девет години СДСМ, осум години ВМРО-ДПМНЕ. Имавте можност.

Второ, не знаете дека е завршен процесот на приватизација. Нема идеален господине Цветко. Останаа уште две претпријатија општествени и едно што не знам зошто не го приватизирате, зашто е пералница на пари на ВМРО-ДПМНЕ, а тоа е Тутунскиот комбинат. Значи и ЕМО и ОХИС, докажете дека знаете да ги приватизирате. Не знаете, не можете или нешто трето е зад сето ова. Ако нив ги приватизирате, ќе имате пари и за решавањето на овој проблем, а некој како што бил успешен, стекнал имот и богатство. Не отворајте фронт против сите успешни луѓе во оваа држава.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Силвана Бонева.

Повелете, вашите три минути.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

(Меѓусебни коментари на пратеници од позицијата и опозицијата)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, без дијалог. Ве молам без дијалози, да ја слушнеме госпоѓа

Бонева, да бидеме парламентарни. Ајде повелете госпоѓо.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе.

Забележливо е срамното и недолично однесување на колегата Бучковски од седница во седница. Доколку и најмалку има доблест кај него, уште веднаш треба да ми се извини и мене и на македонската јавност за искажаните навреди и квалификации од типот на “изгубена во космосот”. Доколку почитуван колега ваквата квалификација беше заради тоа што упаднав во моментот кога вие бевте на говорница, тоа е заради фактот што имавме координација. Доколку е заради тоа ваквата квалификација, треба да се извините. А доколку вашата квалификација “изгубена во космосот” е заради тоа што вчера кажав и уште еднаш го потврдив мојот јасен став дека неуставно е решението и го повредува правото на еднаквост на граѓаните и на сите стечајни работници, решението кое што беше донесено во овој Парламент, Уставниот суд на Република Македонија јасно тоа го кажа и затоа беше укинат тој закон.

До колку ваквата квалификација е заради тоа што го имам кажано тој став за Законот за стечајните работници, тогаш почитуван господине Бучковски и вие сте изгубени во космосот бидејки вие како премиер дадовте негативно мислење токму за тој закон и за решенијата што беа понудени со тој Закон. Благодарма.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоидин Бучковски Владо со вашата контра реплика, повелете.

**Владо Бучковски:** Како џентлмен бев подготвен да се извинам. Штом не се чувствува колешката подготвена да се снаоѓа во космосот, не е космонаут. Не сум јас космонаут. Ми возврати со иста мерка. Кој е поизгубен во космосот ќе покаже времето.

Дефинитивно тврдам дека ВМРО-ДПМНЕ ги менува своите ставови во зависност од тоа дали е во власт или во опозиција. И годеше, како носител на листата во Изборната единица 4 да ги поттикнува стечајците да не се договорат со поранешниот претседател на Владата и со поранешната гарнитура која беше подготвена и најде решение што не беше спротивно на Уставот.

Проблемите, сега говорев, а колешката, го земам тоа како доволно добар изговор, не беше тука да ја слушне мојата дискусија, одеа во правец да го охрабрам министерот за финансии да прифати дополнителни разговори со Светската банка и да се најде решение за овој проблем, бидјеки Светската банка има дел од одговорноста зошто неуспешно заврши траснфорамцијата на 25-те најголеми загубари и сите други компании.

Благодарам за тореланцијата во времето.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓо Верице Филипова, вие сте за реплика.

Повелете, вашите три минути.

**Верица Филипова:** Почитувани присутни,

Почитуваниот колега Бучковски ја започна својата дискусија со прашањето зошто не е дозволено претставниците на стечајните работници да присуствуваат на галеријата на денешната седница или на овој дел на денешната седница кој ги интересира нив. Мило ми е што мојата реплика, што за време на мојата реплика дојде и претседателот на Собранието, па постои можност тој изворно да ме информира зошто не го почитува членот 230 од Деловникот за работа во Собранието.

Децидно, во овој член се кажува дека заинтересираните граѓани можат да присуствуваат на седниците на Собранието во согласност со прописите за внатрешниот ред на Собранието. Согласно овие прописи, вчера, односно вчеравечер, околу 21,00 часот стечајците дале уредно барање со име и презиме кои од нив ќе бидат претставници да присуствуваат на денешната седница на галеријата. Можност за физички контакт нема, нема можност за било каков испад, бидејки претставници на вработените од обезбедувањето на Собранието се постојано таму присутни. Овој амандман привршува. Вие, сеуште не сте дале одговор дали се согласувате, дали воопшто сте го примиле тоа писмо што било предадено синојка во 21,00 часот. До сега би требало 100 пати да го имате примено. Да се изјасните позитивно или негативно.

Уште еднаш ве прашувам претседателе до каде е тоа нивно барање?

**Љубиша Георгиевски:** Ова е процедурална забелешка или реплика? Јас ви дадов реплика.

**Верица Филипова:** Да, јас се јавив за реплика на пратеникот Бучковски кој својата дискусија, вие не бевте тука...

**Љубиша Георгиевски:** Не бев, јас имав други задачи.

**Верица Филипова**:... ја почна со ова прашање. Веројатно потпретседателот Анастасовски не беше во тек и не одговори.

Уште еднаш повторувам, мило ми е што сте вие сега овде и што можете да одговорите на оваа забелешка.

**Љубиша Георгиевски:** Совршено јасно ќе одговорам.

После сето што се случи во Собранието, уште траат мерките за екстремна претпазливост и затоа во овој период уште 5-10 дена тоа нема јас да го дозволам.

**Верица Филипова:** Дали може да одговорам.

**Љубиша Георгиевски:** Нема сега да дебатираме. На вашата процедурална забелешка јас дадов одговор. Готова, тука се завршува.

**Верица Филипова:** Мојата забелешка не беше процедурална. Мојата забелешка беше реплика. Имам право процедурално да се јавам.

**Љубиша Георгиевски:** Или едно или друго.

Јас дадов потполно јасно објаснување. Не може. Сега, претседателот е должен на дадена процедурална интервенција да даде објаснување. Јас го дадов објаснувањето. Вие можете да го примите или не го примите. Јас стојам зад тоа што го кажав.

Добро, одиме понатаму.

Контра реплика има збор Бучковски, една минута.

**Владо Бучковски:** Почитуваната колешка Филипова, обидувајки се да проникне зошто не дојдоа стечајците, не успеа од вас да добие одговор. Но јас, на невидено претседателе го почнав мојот говор со тоа што претпоставував дека ќе ја искористите атмосферата што се создаде по инцидентот од минатата недела да забраните на стечајците да дојдат. Но, тоа е погрешна одлука.

Мислам дека е во право, ја прифаќам забелешката што ја упати колешката Филипова, сепак тие не може да имаат третман како на потенцијални тепачи или криминалци и да не може да се најде нивната делегација во галеријата. Тоа е погрешна проценка.

Ако не слушавте и предходно кога кажувавме дека погрешно ги водите седниците и дека создавате тензична атмосфера, немаше да дојде до немилиот настан од минатата недела. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, тоа е ваша проценка.

Погрешноста на мојата проценка ќе биде порано или подоцна опсудена тука, пак. И тоа во рамките на мнозинството и малцинството и т.н.

Господин Благој Зашов, повелете имате збор.

**Благој Зашов:** Благодарам господине претседателе.

Се надевав дека ќе бидам последен говорник, меѓутоа сигурно дискусијата е интересна и правото на пратениците е да се јавуваа сукцесивно како ќе помислат дека треба уште нешто да кажат.

Би сакал да ја искористам можноста да укажам на тоа дека, како иницијатор на поднесувањето на овој амандман, со проблемот на стечајците се занимавам, така да речам во наводници , веќе подолго време. Нивниот проблем беше и тема на моето прво пратеничко прашање на кое добив некаков одговор и надеж дека ќе се реши овој проблем.

Сега дојдовме во една ситуација да дискутираме за проблемот на стечајците малку порано отколку што тоа беше предвидено, односно законот што го предложи нашата пратеничка група ќе дојде на дневен ред на ова Собрание како точка 24 на една од седниците што ќе следат. А, дискутираме малку порано заради тоа што дојде измената на Буџетот и требаше да се искористи можноста да се побара можност во рамките на ребалансот на Буџетот, барем за овие три месеци да се обезбедат средства што ние како пратеничка група ги бараме со усвојувањето на Законот за вработување и за надоместоците во случај на невработеност.

Морам да кажам дека, заради моето отсуство вчера и завчера поради службени обврски иприсуство на парламентарното Собрание во Советот на Европа не бев во можност да дискутирам и да образложам кои беа мотивите и зошто бараме сега да се обезбедат овие средства, иако законот ќе биде дискутиран малку подоцна. Сепак, ова што денеска се продолжи дискусијата ми даде шанса да кажам кратко што и како мислам дека треба да се работи.

Имено, овде се кажа многу, а и вчера дискусијата била многу интересна дека за стечајците, што неправилно ги нарекуваме така иако тие се невработени лица кои заслучуваат да добијат соодветен третман, бидјекис е последица на една приватизација што ја нарекуваме така како што ја нарекуваме, тие треба да добијат од општеството грижа, затоа што останаа на маргините на тоа општеество.

Сега, кога сме пред крај со дискусијата по овој амандман, мислам дека не треба да одолговлекуваме многу. Мислам дека ним им е смачено од политички препукувања, реплики, контра реплики, процедурални забелешки и т.н. Таа категорија од 6 илјади или помалку, колку што тие велат се, бара да се реши нивниот статус на соодветен начин во рамкита на некои од законите. Ако тоа не беше можност во рамките на Законот за пензиско инвладиско осигурување, тогаш во рамките на овој закон што ние предлагаме и што ќе се разгледа наскоро.

Оттука, тие и побараа да бидат присутни во Собранието, иако се често присутни, можам да кажам. Тие влегуваат и со нив контактиравме и ние и други од нашата пратеничка група и од други пратенички групи. Но, не е тоа најважно кој колку контактирал со нив. Најважно за нив е, еве и гледајки не сега нас како дискутираме околу тоа, сакаат да се најде решение. И оваа Влада, мислам дека треба да посмисли и да побара решение за нив.

Ако тоа сега, со ребалансот на овој Буџет не е можно, има и друг Буџет што ќе се подготвува Затоа што во секој случај, и во самиот Предлог на амандманот се вели да се обезбедат средства за овие три месеци, а за давачките, за надоместоците за иднина, тие треба да се обезбедат од следните буџети.

Оттука, да заклучам кратко, без да сакам да се одолговлекува дискусијата, мислам дека и пратениците од позицијата, па и оние од опозицијата кои во оваа можност не се толку многубројни, но во нивните искажувања рекоа дека ќе го подржат овој предлог, сите да се солидализираме со оваа категорија на граѓани кои, ете, од различни причини се најдоа во една таква ситуација. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Кире Гештаковски, повелте.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине претседателе.

Прво сакам да ја искористам, за да има шанса претходниот говорник да одговори, сакам прво една кратка репликапа после ќе земам збор кратко ќе биде.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, прво реплика, па евентуално контра реплика, па потоа збор. Повелете.

**Кире Гештаковски:** Благодарам.

До мојот почитуван колега, сакам да му укажам само на една работа.

Ме резигнираа првите зборови на мојот колега, бидјеки рече дека ова прашање сега се поставува преурането.

Господине Зашов, не знаеме ние кога вашиот коалиционен партнер ќе се смилува, бидејќи една година не го псотавува прашањето на дневен ред, па не знам уште колку време ќе помине додека не го псотават, и дали воопшто ќе го псостават ова прашање на дневен ред.

Има и друга работа зошто се сомневам. Сега е точно времето да се реши ова прашање, бидјеки и ако се смилуваат да го постават после месец-два ова прашање на дневен ред, тогаш знаете, парламентарното мнозинство, вашите коалициони партнери што ќе ви речат? Е сега не може да помине овој закон бидјеки не се предвидени пари со Буџетот.

Па, ќе чекаме донесување на нов Буџет, па после пак во чаробен круг ќе влеземе. Дали сте свесни уште колку време можат да издржат оние луѓе што се карши нас таму? Ќе помине веќе година дена како седат таму?

Господине Зашов, ве молам бидете еднаш, како предлагач и како носители на овој проект, иако не е ова автохтон предлог, за овој предлог се бореше многу пред вас ВМРО-Народна партија, бидете еднаш похрабри, пресечете, издејствувајте кај вашиот коалиционен партнер, кај вашиот премиер да се постави ова прашање на дневен ред и да се реши. Нема решавање без прво да се обезбедат средства.

Затоа денеска е точно моментот да е изгласа од вашите коалициони партнери овој амандман, да се обезбедат средства, а после да се најде законско решение. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има ли контра реплика?

Господине Зашов, повелете вашата минута.

**Благој Зашов:** Да, ова се нарекува контра реплика, иако јас не го сакам тоа, но беше поставено прашање.

Дали е преурането? Па, не велам дека е преурането. Напротив, доцниме. Ние многу доцниме со решавањето на ова прашање. Преурането во смисла законот што го предложивме не стигна да дојде на дневен ред иако е на една од претходните седници. Но, тој, како Предлог на закон ќе си дојде. За него ќе дискутираме многу брзо, се надевам можеби и до крајот на овој месец ќе го разгледаме и ќе го усвоиме. И, се надевам дека и вие ќе се приклучите во гласањето околу усвојувањето на овој закон. А, се разбира дека како пратеничка група во рамктие на позицијата делуваме за то акоалиционо партнерство да гласа за ова и за законот што го предлагаме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете, има збор Гештаковски Кире.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине претседателе.

Најпрво сакам да кажам дека по ова прашање имам голем кредит да зборувам бидјеки во претходниот состав, со мојата Влада го подржав ова законско решение, иако имаше различни мислења, пред се бидејки не беше определен точниот борј на стечајни работници. Тогаш се манипулираше со многу поголема бројак и со многу поголеми средства.

Навистина, денеска не планирав да земам збор. Го имам кажано ставот по ова прашање повеќе пати. Но, прв пат ми се случува во пет години да се засрамам што сум член на овој Парламент.

Два дена да дискутираме за едно прашање што треба под итно да се реши, нависитна е срамно.

Година дена седат оние кутри луѓе таму, по сите временски непогоди. Па, мачиња да беа ќе се смилуваше некој од власта и ќе им подадеше рака.

Не само што никој не разговара со нив, не само што и медиумите имаат добиено налог да не ги посетуваат и да не го актуелизираат овој проблем, туку нависитна е срамно. И, што треба да ни се случи таму? Да умрат повеќе луѓе па ние да се свестиме и да го решиме овој проблем?!

Како што слушам сега, има консензус, дека се работи само за 6 илјади луѓе. Под претпоставка никој од нив да не се вработи во последните три години, оваа држава ќе ја чини 600 илјади евра месечно. Навистина, оваа држава, иако мала, иако сиромашна ова не треба да и биде проблем. Овие пари не треба да се проблем. Треба да се реши еднаш за секогаш овој проблем.

Сега ќе се осврнам на неколкудискутанти, мои колеги од ВМРО-ДПМНЕ. Постојано не потсетуваат за тие претходни 15 години, заборавјаки дека кога ќе заврши овој нивни мандат, подеднаква одговорност ќе има во Република Македонија на двете најголеми партии. По десет години на влст ќе бидат и ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Било како или СДСМ или ВМРО-ДПМНЕ да скаат да избегнат од одговорност, не ќе можат. Ќе мора да ја споделат одговорноста. Не може ВМРО-ДПМНЕ да се оградува од најкриминалната Влада од 1998-2002 година што воопшто се појавила во Република Македонија. Кога клучната

фигура, чуварот на касата на парите беше сегашнио тактуелен премиер. Не може да се оградува од она експертска Влада од 1990-1992 година кога нивниот премиер, кој вчера, некој пред мене спомна, му славеа 80 години од животот, точно во Владата и точна на она место каде беше еденод доаените на независна суверена Република Македонија.

Сега, очекувам и оваа година, после некое време и од оваа година оваа Влада да се откаже, бидјеки наводно опозицијата правела опструкциии таа не може да работи со полн капацитет.

Тука многу се зборува околу приватизацијата. Да, се согласувам дека приватизацијата беше и криминална. беше и нечесна и непоштена, дека останаа многу луѓе како колатерална штета од таа приватизација. Иако сметам дека кога ќе се промени после 100, 200 години еден општествено-политички систем од социјализам во капитализам, кога треба да се трансформира се нешто што било општествено, или државно во приватно, тука нема правда. Мора да има неправда, мора некој да е задоволен, а некој да не е задоволен. Но, граѓаните се определија на референдум дека сакаат вакво општествено-политичко уредување и таа сопственост мораше да се трансформира. Можеби можеше да се најде некој друг модел. Но, мене ме чуди друга работа. 17 години ВМРО-ДПМНЕ вели дека во Реублика Македонија е извршена најкриминалната приватизација. Кој му сметаше на ВМРО-ДПМНЕ од 1998 до 2002 година да смени нешто во таа приватизација. Сега ќе дадам еден конкретен предлог, за да нема повеќе заблуди. Се согласуваме дека приватизацијата не чинеше. 17 години велат дека тоа било погрешно и криминално. Предлагам, она што остана општествено и државно како што е МЕПСО, Македонски шуми, Македонски пошти, образование, здравство, тутунски комбинати и има уште многу покрупни комбинати. Дајте да ја исправиме таа грешка. Им ветувате на граѓаните 17 години дека вие ќе се залагате за нешто друго. Дајте да го измениме законот.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Гештаковски , аjде точка по точка.

**Кире Гештаковски:** Господине претседателе, ова е директно поврзано со стечајците. Стечајците станаа вакви после грешната приватизација. Предлагам една измена во Законот за трансформација на општествениот капитал, па нека ја спроведат, ова што преостана нека му го вратат на граѓаните на чесен начин. Не, секојдневно само се бркаат и се бараат инвеститори за да се приватизира тоа што остана неприватизирано.

Иште една работа многу ми смета. Веќе неколку пати координаторот на ВМРО-ДПМНЕ Силвана Бонева зборува дека, не ги лажете стечајците, овој закон е противуставен, ќе падне на Уставен суд. Па само ги провоцирате стечајците. И сега навистина не ми е јасно од кога почна да се грижи за уставноста на законите. Дали кога беа во опозиција, кога им плаќаа пари на тие стечајци да купат сендвич и сок и платен превоз па да ги шетаат од Влада до Собрание и од Собрание до Влада, или сега стана неуставен.

Не ми е јасна друга работа. Оваа Влада, овие министри се шампиони светски во носење на противуставни закони. Знаете што ни се случи? Ни се случи сега еден министер слободно да може да се запише во Гинисовата книга на рекорди, во рок од шест месеци му паднаа три закони пред Уставен суд. Да, за шест месеци донесени тука три закони паднаа на Уставен суд како противзаконски. Па по кој Устав работевте вие од парламентарното мнозинство. Предупредувавме дека тие закони се противуставни, за да на крајот истиот тој министер целата белја, целата грешка ја фрли на вас на парламентарното мнозинство, бидејќи рече јас не го донесов законот, законот го донесоа пратениците.

(Дофрлувања).

**Љубиша Георгиевски:** Без дијалози ве молам. Продолжете господине Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Гледам нервозни сте и немам никаква намера да стварам нервози, сакам да заврши побрзо расправата.

Ве молам, надминтете се самите себе, гласајте, обезбедете средства. После се ќе биде полесно. Еве ви предлагам, нека не е законот од НСДП, нека не е законот од ВМРО-Народна, нека не е заслугата на опозицијата, вие направете еден закон кој ќе биде уставен и да им помогнеме на тие луѓе. Јас се надевам дека и вашата интенција е таа, да им се помогне, да се ослободите, бидејќи целиот товар е на парламентарното мнозинство, на оваа Влдата. Вам ви стојат , срамот е ваш, дајте да го решиме овој проблем, бидејќи се работело навистина за толку мали средства. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Има збор господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Ќе се обидам да бидам прилично краток со оглед на тоа што во јавноста, иако јавно овде не кажувате парламентарното мнозинство сака да прикаже дека зголемувањето на платите и исплатата на платите за месец септември ќе зависи од изгласување на ребаланстот, што не е така и пресметките на платите нормално може да се прават, така што тоа нема врска со донесувањето на ребалансот. Сепак сакам да го изнесам своето мислење во однос на овој амандман.

Морам да ви кажам дека лично не се согласувам со начинот на кој што е предложено решението, но со оглед на тоа што Владата не предлага друг начин за разрешување на проблемот со овие

невработени луѓе, во овој момент ќе го поддржам бидејќи Владата не изнесува став како мисли да го надмине овој проблем.

Изгледа на Парламентарното мнозинство многу побитно му е да каже на која  работа, на која влада се резултат овие стечајци или неверaботени лица кои се надвор и во тоа самите се заглавуваат. Имено, ќе ви кажам, ако сакате до крај отворено да зборуваме, овие што сега се без работа се резултат на работата на сегашниот премиер Никола Груевски. Оние кои што беа до 1998 година како технолошки вишок и стечајни работници во најголемиот дел се сега пензионирани дами и господа. Овие што сега се надвор и кои што сега бараат нивен статус на решавање се резултат на ФЕСАЛ-2 аранжманот, потпишан лично од Никола Груевски во 2001 година како министер за финансии. Со тој ФЕСАЛ-2 аранжман само да ве потсетам 38 големи претпријатија во Република Македонија познати како загубари или друг начин тогаш беше потпишано со Светската банка да одат под стечај. Тогаш беа затворени со тој аранжман рудниците во Република Македонија, за после тоа некаде, некои во 2005, почетокот на 2006 и сега да одат на рестартирање и да започнат повторно со работа. Тогаш со тој ФЕСАЛ-2 аранжман, потпишан од господинот Никола Груевски, најголем дел од текстилните фабрики беше предложено да се затворат и тие се резултат сега, најголемиот дел, на невработени или т.н. стечајци кои што се надвор. Но тоа сега нема да не одведе никаде ако бараме кој е виновен. Мора кога веќе зборувате да си кажете да, Груевски така мислеше и добро е, Груевски сега издржува на тоа. Издржува на тоа дека оние кои што се надвор се резултат на него и дека нема да го реши тоа прашање, иако НСДП со амандмани година и нешто наназад, барем во јавноста, се обидува тоа прашање да го разреши.

Затоа ќе го поддржам овој амандман од следниве причини. Владата нема свој став за разрешување на овој проблем. Не излегува со став, дали тоа ќе го реши во рамките на  социјалната политика во Република Македонија и како предлог на пример, претходната Влада имаше предлог на социјален пакет и за тоа тогашниот предводник на невработените лица не се согласуваше. Значи Владата сепак излезе со едно решение, имаше размислување дали да се оди до крај со обезбедување на средства, до нивното пензионирање да се обезбедат средства од Буџетот.  Знаете дека беше спротивставено мислењето од Светската банка. Но она што е сега најкарактеристично, Владата нема никаков предлог, нема никакво решение, никакво размислување со кое ќе се отпочнат преговори и начин како да се разреши овој проблем. Едноставно се поттурнува, еден дел од парламентарното мнозинство и министри кои се во Владата од НСДП го предлагаат овој начин, еден дел од Владата излегува и вели дека тоа не може на таков начин да се разреши. Имавме изјави на министерот за труд и социјална политика дека тој со предлогот на НСДП не се согласува.

Време е јавно и јасно недвосмислено да им се каже на тие луѓе од страна на Владата како мосли и дали воопшто мисли да го разреши ова прашање. Во спротивно денес ќе расправаме за овој амандман. Ќе ја отпочнеме расправата по законот кој што го има предложено како што рече господин Зашов од група пратеници, повторно ќе го отвориме тоа прашање. Ќе дојде буџетот за 2008 година, повторно ќе има амандмани и повторно ќе се расправаме за ова прашање, а од Владата ќе немаме никакво понудено решение.

Затоа, ќе го поддржам овој амандман само со цел да се  почне да се размислува за ова прашање и да ја натераме Владата да го каже својот став. Јас и вчера реков, министерот за финансии упорно молчи да го каже својот став и да каже јавно луѓе, Владата нема намера да го реши прашањето на овие луѓе кои што се надвор и кои што се ширум градовите во Република Македонија, па тогаш за тоа ќе расправаме. А Владата вака си молчи и си поттурнува едно прашање, а кога ќе дојде пред избори, тогаш ќе нуди некои хибридни решенија. Долгорочно така прашањата не се решаваат. Од тие причини, парламентарното мнозинство пред се има должност, пред се ВМРО-ДПМНЕ, да гласа за овој амандман и да бара решение заради тоа што тие се резултат на ФЕСАЛ-2 аранжманот потпишан од Никола Груевски. Имате морална обврска сега тоа да го направите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам сите пратеници кои сеуште не се во салата да ги заземат своите места зошто наскоро ќе гласаме.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Во салата влегуваат повеќе пратеници).

Имам впечаток дека има доволен број на пратеници.

(Во салата влегуваат уште пратеници).

Се извинувам на службите, но ги молам уште еднаш да го проверат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеника, за гласале 30, воздржано 1, против 41.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 09002 Програма В потпрограма В1, ставка 432 и Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 464 и на член 10 категорија 74 ставка 741 и на категорија 47 ставкт 473, поднесен од пратениците Благој Зашов, Горан Мисовски и Иван Анастасовски.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 Програма 3 потпрограма 3Е ствка 482 и Раздел 18010 Програма 8 потпрограма 8А ставка 482, поднесен од пратениците Игор Ивановски, Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски, Владо Бучковски, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Никола Ќуркчиев, Марјанчо Николов, Ацо Киров, Цветанка Иванова, Благородна Цветковска, Весна Бендевска, Борис Кондарко и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Славески.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа затоа што на овој начин не може да се доградии автопатот Е75. Владата за доградба на автопатот Е75, за ваша информација, само да ве потсетам, има еден од кредитите со Светска банка за делот од Табановце до границата со Србија, односно Куманово-Табановце граничниот премин, а се преговара со Европска инвестициска банка за една голема сума на средства како кредит. Она што традиционално Република Македонија го користи за стекнување со средства за изградба на ваков вид на сериозна инфраструктура и наредната година најверојатно ќе се добијат тие средства, ќе се обезбедат. Средствата што овде се предлагаат ниту можат да се доволни, ниту можат да се искористат до крајот на годината и оттаму Владата нема навистина никаква можност и причина да го прифати овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Збор има господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Почитуван министер, колеги пратеници, вашето објаснување држи во целина, иако за волја на вистината ние во неколку наврати како пратеници сме се обидувале преку комисиска расправа или преку повикување на министерот за транспорт и врски кој катадневно секогаш го молиме да дојде еднаш да се појави на комисијата, на матичната Комисија за транспорт и врски за да можеме изворно да се информираме за патната инфраструктура или за плановите кои што ги имаат. Значи од она кое што сме можеле во информативните гласила или преку други извори да се дознае, имаме некои полуинформации, што сега вие како министер ги потврдивте, дека се прават напори автопатот Е75 целосно да биде завршен со други извори, значи со кредити или со она кое грчката страна го има добиено од Европската унија за Коридорот 10, каде што треба одредени средства на српската страна да се дадат и на македонската. Но овие средства точно е дека се недоволни за доизработка на трасата и не се предвидени за тоа. Ако прочитате во образложението, ние предвидовме заради обезбедување на средства за подобрување на постојната инфраструктура. Значи на оштетениот коловоз на постојната инфраструктура на автопатот Е75, во неколку наврати, значи сме немале и прилика да дебатираме овде за законот за патен сообраќај бидејќи ви кажав неколку пати во Министерството за транспорт и врски и претседателот на матичната Комисија за транспорт и врски упати барање за дебата, за расправа, тие не одговараат на повикот, проблематична е трасата на Е75. Ако во светот имате категоризација на втопат, се знае дека треба да има и алтернативен пат. Во случајов на Република Македонија, автоптот Е75, почнувајќи од Табановце до Гевгелија нема по целата траса алтернативен пат,, а по меѓуародни стандарди треба да има заради растоварување или обезбедување на сообраќај од сообраќајни возила кои не можат да се движат по автопат.

Тоа е едната димензија. Другата димензија е што самиот автопат во делницата помеѓу Катланово и Велес, значи на клучката на исклучување за другиот магистрален пат за Штип во кој што сообраќајот се одвива во две насоки, патот е многу оштетен. Јас не знам дали вие ќе изнесете други информации на кој начин Владата мисли да го ревитализира овој дел. Можеби имате план, но тој план е долгорочен. Очигледно е дека другата делница на Катланово, Велес по долината на реката Вардар за која што беше предвидено да биде вклучена во октомври месец е далеку од тоа да се оствари заради санација на мостовите останува се уште во оптек оваа делница. Ние катадневно ја поминуваме таа делница. Сведоци сте и вие преку информативните гласила дека има постојано сообраќајни несреќи со трагичен крај и жртви. Особено е опасен тунелот кај Катланово во кој што навистина секојдневно се јавуваат разни недостатоци, нема струја, нема доволно осветлување, или една од двете траси се изработува, транспортните средства, тешките товарни возила дополнително го отежнуваат сообраќајот. Очигледо е дека треба интервенција и таа интервенција е поврзана со пари. Тоа беше нашиот главен мотив зошто да напишеме еден ваков амандман. Јас не знам дали сум доволно јасен, значи, не е за автопат за постојната интервенција до крајот на годината бидејќи навистина сообраќајот се одвива во потполно отежнати услови заради големо оштетување на постојниот коловоз. Ако чувствувате потреба да се произнесете дополнително јас би бил благодарен. Мислам дека со ова објаснување јас посочив дека не станува збор за проектираната делница, иако и за тоа е дискутабилно, бидејќи најновите информации се дека сте ја смениле трасата кај делницата кај Смоквица, значи кај тунелот иако беше проектирана поинаку. Со таква проектирана делница се конкурираше пред меѓународните финансиски институции за добивање на кредити. Доколку чувствувате потреба да дадете дополнителни информации или имате како министер за финансии исто би ви биле благодарни да ја добиеме таа информација, бидејќи по десетти пат ви посочувам дека ние

како пратеници сме ускратени од правото да добиеме одговор, бидејќи континуирано сме бојкотирани на Комисијата за транспорт и врски од претставници од Министерството за транспорт и врски. Најдобро што сме можеле да добиеме е присуство на заменик министерот во неколку наврати и кога ќе сме поставувале прашања од ваков тип секогаш се одмолчувало. Значи, наше уставно право е да бидеме информирани на матичната комисија за одредени прашања.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Навистина не знам зошто овој амандман не е прифатен од страна на предлагачот кога повеќе од јасно е дека во Република Македонија патната инфраструктура е повеќе од жалосна. Почитуван министер, ако се движите на било кој патен правец ќе видите дека состојбата е многу лоша, особено граѓаните на Република Македонија кога се среќаваат со било која меѓународна особено финансиска институција зборуваат за коридорот 10. Е-75 сите знеме дека ќе се заврши со кредити од странски банки, или донации. И тоа е како што вие го користите терминот традиционално користење на средства. Меѓутоа, навистина не ми е јасно, зарем никогаш не сте се обиделе сами да патувате од Скопје до Велес. И ќе видите какви се ситуации ќе мора да надминете во тоа возење можеби од 40-тина минути. Мислам дека само овој патен правец заслужува да ги добие овие средства, значи, Скопје-Велес, а не ако ја земеме целата делница од Куманово до Гевгелија. Мислам дека ние сите членови на Комисијата за транспорт и врски побаравме објаснување од вашиот претставник кој што дојде на Комисијата за овој ребаланс. Меѓутоа, се сеќавам на вашите зборови на почетокот кога не убедувавте дека веќе има доделено средства за овој патен правец Е-75 и дека ќе се отпочне со градба на автопатот, односно на делницата Демир Капија, Смоквица, или обратно Смоквица, Демир Капија и дека тоа се доволно средства за оваа година. Гледаме дека тие средства воопшто не се искористени. Сега е месец септември, никој не знае зошто е тоа така. Се разбира, сериозни се информациите зошто е сменета трасата, односно делницата Смоквица - Демир Капија иако кажав дека вие не убедувавте на Комисија дека имаме доволно средства за одржување на таа делница и отпочнување со градба. Иако никој од Министерството за транспорт и врски не дојде да каже колку средства се потребни за промена на оваа делница, на оваа траса, колку средства се предвидуваат за студиите кои што допрва ќе бидат правени и тие ќе траат најмалку година, или година ипол, да не речам две, бидејќи геомеханичките испитувања допрва ќе започнат и за тоа нормално дека ќе бидат потребни средства. Посебна приказна ќе биде студијата за одржување на таа делница, или нова траса за која што гледам Владата на Република Македонија се залага. Меѓутоа, почитувани пратеници, апелирам до вас да се прифати овој амандман заради тоа што вие знаете на една од наредните седници ние ќе расправаме и за Законот за јавни патишта. Ги повикувам особено членовите на Комисијата за транспорт и врски да земат збор и да кажат заради тоа што во Законот стои дека носиме закон во кој што во Република Македонија можеби за месец дена основното оптоварување ќе се зголеми од 100 на 115 килоњутни по оска, а тоа значи следно, дека сите мостови особено на патниот правец Е-75 ќе мора да бидат повторно зајакнати. Зошто? Од едноставна причина, заради тоа што патиштата во Република Македонија се проектирани, значи теоретски можат да издржат основно оптоварување само до 100 килоњутни. Затоа почитуван министре овие средства ќе бидат премалку само да извршиме санација на овој патен правец кој што е најфрекфентен, се разбира во Република Македонија и за кој што не постои човек кој што треба да го убедуваме дека ни се потребни финансиски средства истиот да биде безбеден. Можеме да го замислиме чудењето на странските туристи, или минувачи во Република Македонија со своите автомобили кога ќе дојдат и кога ќе видат во која состојба е најдобриот и најфрекфентниот патен павец, а тоа е патниот правец Е-75. Затоа ценам дека неопходно е потребно да го прифатите овој амандман и да дозволиме додека временските услови се уште се добри да направиме интервентно нешто во тој дел заради тоа што како што пред некој ден ни се случи несреќа во тунелот во Катланово, пред тоа имавме неколку изгубени човечки животи, да не ни се случува токму во зимскиот период, а никој да не биде виновен за таа работа. Затоа, почитуван министре, почитувани колеги, апелирам овој амандман да биде прифатен од страна на предлагачот.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

И на овој амандман ја гледаме потребата на Владата на Република Македонија и министерот за финансии да ја покажува својата инвентивност во одговорите и образложувањата на причините зошто нешто не е добро, а зошто друго е добро. И е многу просто кажано. Министерот пред 15-тина минути ни соопшти: има и добро е да има пари за музеј на ВМРО-ДПМНЕ во Скопје или не знам каде, ама не е добро да ги зголемиме средствата за санација на основната артерија во Република Македонија Е-75 кој што има и меѓународно значење. Во тоа е суштинската разлика. Пред малку кога беа за стечајците, велеа, не бил уставен, немаме пари. Лажеа. Сега велат: овие пари кои што и да сакаме да ги доделиме нема да бидат доволни и уште многу поразителен факт, нема да можеме да ги реализираме до крајот на

годината. Значи, во една реченица, министерот за финансии кажа две трагични ситуации. Првата е дека треба да има пари за музеј на ВМРО-ДПМНЕ, значи за партиски музеи, за партиски восочни фигури, за вработување на партиски чувар и кустос, или не знам што ќе биде таму. И второто, дека Владата на Република Македонија не е во состојба да реализира колку даваме тука 8 милиони и 600 илјади денари до крајот на годината. И после се чудиме зошто степенот на реализација на капиталните расходи ни е ужасно низок. Кај го намалувате во маса на средства со секој ребаланс на Буџет, така и кај овој, тоа ви го кажав во општата распава од 9 и кусур на 8, 25% во маса се намалени средствата за капитални инвестиции. А сега и кога се доделуваат средства за инфраструктурна потреба која што претставува токму еден вид на стимулатор на економската активност, вие велите: и со нив нема да ги решиме проблемите, а и да ги имаме овие пари и да сакаме, не можеме да ги реализираме. Господине министре, ние знаеме дека и да се дадат 800 милиони ќе бидат недоволни. Ама додавањето на 8 ипол милиони денари за ваква битна работа во секој случај се плус, бидејќи вие сте одлучиле со партиска одлука да ги доделите парите на еден објект кој што ќе претставува мртов објект, музеј на ВМРО-ДПМНЕ. Кажете ми ја вашата логика. Зошто на македонските граѓани повеќе им е потребен музеј на ВМРО-ДПМНЕ отколку подобар автопат? Или пак вие ако се возите во добар мерцедес не ги чувствувате оние дупки и онаа состојба на авотпатот Е-75 на различни делници. Тогаш имаме различна перцепција на реалноста и различен пристап во решавањето на проблемите. Со овој амандман и неговото одбивање од ваша страна вие ни демонстрирате определба да давате државни граѓански пари за партиски проекти, а да не доделувате повеќе пари за државни проекти. Дозволете претседателе на Собрание, ако ме следите внимателно, претседателе на вас се обраќам, бидејќи сакам да направам една аналогија која мислам дека вас ќе ве интересира, а дел од неа веќе споменав за претходниот амандман. Владата на ВМРО-ДПМНЕ и министрерот за финансии преку ноќ наоѓа лесни пари за доделување на наградата 23 Октомври, или наградата на ВМРО-ДПМНЕ. И за тоа има пари. Нема пари за други потреби. Владата на ВМРО-ДПМНЕ и министерот Трајко Славески дава пари за музеј на ВМРО-ДПМНЕ, ама не сака да ги даде тие пари за автопатот Е-75. Сега господине претседателе видете го парадоксот. Јас пред мене ја гледам поканата со која нас не поканувате, веројатно и другиот политички и јавен естаблишмент во оваа држава за одбележување на наградата 11 Октомври. Ова што го имам, јас што го добив е срамота. Ова не вреди ни еден дени. И ваква покана за еден од најголемите македонски празници е срамота во најмала рака. Вие може да речете дека господине претседателе немате пари во делот на Собранието. Ова е добра прилика да му укажете на министерот за финансии дека кога ги доделува парите шаком и капом за ВМРО-вски и партиски празници од типот на 23 Октомври и нашите информации говорат дека во овој момент се подготвуваат специјални цени, се ангажираат огромен број на уметници за таа прослава на ВМРО-ДПМНЕ за кој што веројатно ќе ги авансирате за некои други партиски митинзи за време на избори и се даваат граѓански пари, пари на сите граѓани за партиски празник за кој што СДСМ најави дека веднаш по доаѓањето на власт ќе го укине. А за 11 Октомври господине претседателе ве ставаат вас, или вие самите сте прифатиле да бидете дел од вакво срамно одбележување. Тоа не е во ред. Не е во ред кога Владата на Груевски и Трајко Славески одлучиле да дадат 8 милиони и 600 илјади денари за музеј на ВМРО-ДПМНЕ, а не сакаат тие пари да ги редистрибуираат за санација на автопатот Е-75 на кој што патем речено се движат сите, или во најголем дел комерцијални возила и транзитираат низ Македонија и тој е главната артерија и најголем број на жртви имаме токму на тој правец. Да не го отворам правецот Радовиш-Струмица и Штип-Радовиш. Можеби во некое друго време. Не можам да разберам дека ако месец дена тунелот на смртта кај Катланово е неосветлен и дневно имаме извештаи за загубени човечки животи и материјални штети, вишокот пари кои што ги предлагаме да одат токму за таа намена, се одибаат од страна на Трајко Славески небаре ние не ги земаме од потребите за Фондот за здравство, не ги земеме од потребите на научните работници, ги земаме од некој објект кој што апсолутно не треба да постои музеј на ВМРО-ДПМНЕ и ги даваме за нешто што е многу попотребно. Тоа е разликата и затоа не ја гледам причината да се одбиваат вакви амандмани кои што имаат многу практична причина. И дополнително ако сакате да ги правиме паралелите определбата да има пари за 23 Октомври, или денот на ВМРО-ДПМНЕ и да се организираат во најава мега спектакли на кои што ќе се појават само припадниците на ВМРО, а за 11 Октомври да има ваков начин на покана и одбележување, веројатно скромен коктел, за што јас се согласувам, во Кристалната сала на Собранието и доделувањето на наградата и тоа е во ред. Не е во ред да имаме различен пристап и различно вреднување заради партиската призма. Не може пари на граѓани да одат за партиски празници, а за државни празници од овој тип на претседателот на Собранието да му се даваат основни средства за да се одбележи на ваков начин и со вакви материјали. И вие треба да бидете лично, затоа и на вас ви се обртив заинтересирани да се борите за одбележување на државните традиционалните историски и на сите празници, а да се намалат или одземат средствата на граѓаните за партиски празници и партиски зданија. И затоа го дадов амандманот со моите колеги да се префрлат овие пари за еден автопат каде што 50% од вашите и нашите колеги

пратеници се движиме, дали во делот на партиската работа, дали во делот на личната работа. Се движат многу странски туристи и странски граѓани на други држави. И тоа е сликата и приликата на нашиот автопат, на нашата држава. Тие транзитираат на тој пат. Може овие средства да ги искористите за инсталирање на разно разна пропратна патна инфраструктура, или да закрпите минимум дупки. И првиот амандман за кој што дебатиравме во кој што се обидов да дадеме поголеми средства во Фондот за магистрални и регионални патишта, вие го одбивте. Македонија пат како јавно претпријатие ви е пред колапс. Луѓето немаат нафта, камионите 50% стојат на паркинг наместо да работат. Средства им се крадат од наплатните патарини. Министерството за внатрешни работи уште не ги наоѓа крадците. Претпријатието што треба да го одржува авотпатот најмногу ни се распаѓа, око не ви трепнува, не доделувате пари таму, не доделувате пари за авотпатот Е-75 колку што имаме на располагање, ама затоа даваме за музеј на ВМРО-ДПМНЕ. Не бива таа работа. Јас ќе бидам среќен ако министерот за финансии вели, најверојатно минатата година. Бидејќи вие сте скарани со времето, тоа ќе биде најверојатно за неколку години, ама не во вашиот мандат да се започне со сериозна реконструкција и изградба на делницата Смоквица - Демир Капија. Тоа е крупна работа и за тоа треба многу пари. Ама додека дојдеме до таа фаза постојните делници ни се распаѓаат, постојните делници ни се катастрофални.

Веројатно затоа што не се инвестираат доволно средства во квалитетот да тие траат подолго да не користам некои технички карактеристики за кои што не сум меродавен да говорам. Но за тоа мислам дека како политика, ова Собрание треба да одлучи да дава што е можно повеќе пари во делот на инфрастуктурата, како што е овој амандман. Да дава повеќе пари во железница, како што тоа не го правите, а да ги тргне сите партиски ориентирани или ВМРО-ски ориентирани доделување на средства на граѓаните. Бидејќи никој не ви го дава мандатот да градите музеј на ВМРО ДПМНЕ, а во исто време заради не доделување на средствата граѓаните да ги кршат колите и не дај боже да гинат на македонските патишта.

Затоа господине претседателе, мислам дека треба да ја расчистите таа работа, зошто толку пари се одвојуваат за 23 Октомври, партиски, ВМРО-ски празник, а зошто вака и резултат на тоа се ваквите срамни потези за прославата 11 Октомври, државнот празник на Република Македонија.

И во исто време да апелирам до пратениците на ВМРО ДПМНЕ, кога власта нема доблест и не сака да ги елиментира парите на вистинско место, да тие тоа го направат со прифаќањето на овој амандман. Нема целосно да се реши проблемот, ама ќе почне и подобро ќе се решаваат со многу повеќе средства за разлика од ова што сега ни стојат на располагање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин, претседател, почитуван господин министер, почитувани колеги пратеници,

Сакам и јас да дадам поддршка на овој амандман кој што е поднесен се со една единствена цел, да се подобри инфрастуктурата во Република Македонија.

Сите што патуваме на делницата на автопатот на Е-75, можеме да заклучиме дека овој автопат, или патен правец е во катастрофална состојба. Не знам дали министерот некогаш прошол по тој пат, и дали ги има осетено сите негови пропусти, или не. Меѓутоа може ако не верува на пратениците од опозицијата, нека ги праша пратениците од позицијата како тие го минуваат овој дел од патот.

Овие средства кои што се предвидени за изградба на музејот на ВМРО, нема да стигнат само да се закрпат дупките, а не да се подобри инфраструктурата. Овој патен правец, почитуван господин минситер, можеше да однесе една жртва од пратениците. И тоа од пратеник од од владеачката партија. Вие за тоа немате слух, вие за тоа не разбирате и не ве интересира како пратениците стигнуваат до своите работни места. Вас ве интересира да ви пројдат проектите. Мнозинството да гласа “за” и тоа е се. А не ве интересира ниту како да дојдеме до своите работни места и во какви услови стигнуваат пратениците.

Колку се трошковите на пратениците кои што патуваат на патот од Е-75, патниот правец Велес-Скопје, секој ден го минуваат по два пати. Еднаш во два месеци колите мора да ги сервисираат. Зошто? Затоа што Владата нема пари да ги пополни сите дупки кои што се наоѓаат на овој патен правец. Ова не се работи ниту за популизам, не се работи ниту за некој да добие повеќе поени кај гласачкото тело. Се работи за безбедноста на патниците кои што се движат на тој патен правец. Не зборувам подалеку од Велес, бидејќи не ми е познато и ретко го користам тој патен правец. Меѓутоа, патниот правец Велес-Скопје е во катастрофална состојба.

И за тоа ве повикувам и вие како министер и како човек да се согласите да дел од овие средства, нека останат и за музејот на ВМРО. Барем дел од овие средства наменети ги за да се решат некои покритични места како што беше тунелот на смртта, како што е еден мост кој што има дупка од половина па може и повеќе метри, и кој што претставуваат потенцијална опасност за сите корисници на тој дел од автопатот. Тунелот на смртта доби пред 3 дена осветлување. И зарем за тоа оваа Влада не може да издвои средства. Тој патен правец не го користи само СДСМ. И вашите пратеници го користат.

Затоа, затоа, почитуван господин министер и почитувани колеги пратеници, уште еднаш апелирам до сите, претежно до вас како минситер овој амандман да се прифати или делумно да се прифати се со цел Република Македонија да добие подобра инфраструктура и овој патен правец на автопатот Е-75, барем да има минимални услови за користење. Знаеме дека од 11 или не знам кој октомври ќе се пушти во употреба патниот правец Скопје-Велес во една насока. Како ќе се реши овој проблем на автопатот Велес-Скопје? Ќе биде заборавен и ќе остане една енигма кој што патен правец може да однесе и повеќе жртви. Затоа ве повикувам да го поддржиме овој амандман се со една единствена цел инфрастуктурата во Република Македонија да биде подобра, односно да ги исполнува минималните критериуми за еден патен правец како што е Скопје-Велес. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика има госпоѓа Димеска Катерина, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам почитуван претседателе.

Само една кратка реплика. Значи почитуваниот колега Серафимов Влатко, е член на Комисијата за транспорт и врски, и добро знае дека ние веќе го гледавме законот за јавните патишта, кој што предвидува усогласеност со европското законодавство и по основ на осните оптоварувања, по основ на патните премини итн. и јас сакам јавно да кажам пред цела македонска јавност овие пари кои што ги предвидуваат со овој амандман од 8,5 милиона денари, не можат да придонесат во насока на подобрување на патната инфраструктура.

Почитувани колеги да не заборавиме значи имаме промена, повторна промена на ребалансот за зголемување на платите на вработените во јавната администрација и тоа ја наметна оваа потреба за дополнување на Буџетот за 2007 година. А овие измени почитувани колеги на Буџетот се одраз на ефектите од заживување на економската, активност, доследно спроведување на реформските политики, доследно и неселективно исполнување на законските обврски кон државата, и успешно управување со јавните финансии .Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Серафимов Влатко вие барате контра реплика, така, повелете. Имате контра реплика.

**Влатко Серафимов:** Почитувана колешке, очигледно не ги разбирате работите. Тоа што сме изгласале на Комисијата за транспорт и врски е сосема друга работа, а овде се работи за интервенции на инфраструктурата. А овој ребаланс на Буџетот ако е само за покачување на платите на јавната администрација тогаш не знам зошто се издвојувани и за други цели.

Ако е веќе така, зошто јавната администрација во општините во кој што советите ги држи ВМРО ДПМНЕ не гласат за зголемување на платите на општинските администрации, туку гласа за зголемување на платите на јавната админстрација како што се училиштата, градинките, и други установи. А општинската јавна администрација нема да има зголемување на платите од 10% како што најави вашиот премиер.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега збор има господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министер,

Ова е веќе трет ден како расправаме за ребалансот на Буџетот и до сега од страна на владеачкото мнозинство не слушнавме ниту еден аргумент позитивен, туку сите нивни настапи ги насочуваа во насока на тоа дека сега се брзаат заради покачување на платите на буџетските корисници и ребалансот треба да го донесеме побрзо. Ако беше така, требаше Владата да предложи ребаланс само со овие ставки, а не во ребалансот на Буџетот да отвара и други прашања. Како што се прашањата за консолидација на енергетскиот сектор и други прашања и да не става во ситуација, повторно да не можеме да дебатираме за важни прашања кои што се во интерес на сите граѓани во Република Македонија.

Прво не е точно дека не може да се исплатат платите на буџетските корисници ако не е донесен ребалансот на Буџетот и не е добро да се користите со такви тези, затоа што се далеку од вистината. Во најмала рака, има средства во Буџетот планирани на институциите за плати, зголемувањето од 10% може да се издржи во тој дел и кога ќе се донесе ребалансот на Буџетот средствата смо да се дополнат во ставките каде што се однесуваат за зголемување на латите или во делот за исплата на плати и ндоместоци.

Значи не е точно господине министер за финансии дека платите не можат са се исплатат затоа што не е донесен ребалансот на Буџетот, бидејќи и вие по сами ваши изјави кажавте дека кај дел од буџетските корисници има резерви, со кој што не мора да се зголемуваат ставките за плати, туку едноставно можат до крајот на годината и од постојни проекти кои што ги имаат во Буџетот како буџетски корисници за платите да ги исплатат платите. И не е точно дека ребалансот е пречка да се спремаат платите. Добро е таа работа да си ја завршите и да си тече дебатата во Собранието, и покрај тоа да ги исплатите платите а не да правиме конфронтација по таа основа.

Исто така, ми смета тоа што кога зборуваме за некои капитални проекти или капитални инвестиции во Буџетот, повторно се кажува па ќе донесеме ваквии програми, па ке донесеме онакви прогрмаи притоа не се сака да се слушнат нашите аргументи. Значи во моментов имам една ситуација во која што автопатот Е-75, се одвива

реконсрукција во должина од 23 километрти на делницата од Скопје за Велес. Оваа делница е најискористувана и најфреквентна од овој дел од автопатот и беше убава можност, сега додека е затворена да се изврши нејзина реконструкција и со поставување на нов асфалт како би можело комплетно да се пушти во употреба и да може да биде и посигурна и побезбедна, а веројатно да задоволува и некои стандарди кои што ни се наметнуваат со европските закони.

Но за жал владеачкото мнозинство и за ова или не го зема ова во предвид или не сакало да го реши како прашање и остави работите да се движат така и само да се изврши реконструкција на мостовите, а не да се напрви комплетна реконструкција на оваа делница затоа што е многу битно, и сега е затворена за сообраќај и ќе можеше тоа непречено да се изведе.

Но бидејќи кажавте и дека овие средства не се доволни ако не можат да се искористат за оваа потреба, тогаш во тој случај можете доколку се прифати амандманот да ги искористите за барем колку толку да се санира состојбата на постојниот автопат на оваа делница која што се врши реконсрукција и она што е сега во тек на користење бидејќи бевме сведоци дека се случуваа сериозни инциденти. Неколку сообраќајќи доведоа и до жртви, а тунелот како што го кажа колегата “тунелот на смртта” дури сега после 9 месеци на користење на оваа делница во двата правци беше пуштено светло. Требаше да се случи да загинат луѓе, па да се освести Фондот за магистрални и регионални патишта, да напрви светло. И тоа не го направи целосно или со конечно решение, туку прочитавме во весниците дека зел трансформатор од другиот тунел, па сега кога ќе се пушти другата делница, веројатно ќе земе трансформатор од некоја трета делница. Значи, така не се прават работите и не се води сериозна грижа за патните правци. А патната мрежа е очигледно дека во Република Македонија е во тешка состојба. Имаме реакици од сите наши граѓани, еве се пожалија дека и делницата од Удово до Валандово е во многу лоша и катастрофална состојба дека и таму можете дел од овие средства да ги насочите за да извршите реконструкција, бидејќи више граѓаните и не можат да го користат тој патен правец.

-Да не зборувам за значењето на патната инфраструктура и за економскиот развој, веќе во вашата прочуена кампања “Инестирајте во Македонија” која што нема дадено резултати нејавувате дека има добра инфрастуктура во Република Македонија и сега замислете си некој инвеститор ќе дојде, ќе се прошета по нашите патишта, што ќе заклучи. Дека не е баш така како што се најавува во кампањата, а исто така ќе биде можеби еден од факторите дали да реши да инвестира во Република Македонија.

Затоа мислам дека треба добронамерно да се цени овој обид на нашата пратеничка група амандмански да интервенира во Буџетот и да се обезбедат средства за реконструкција на патните правци, затоа што се навистина во тешка состојба. И, требаат сите колеги пратеници да го поддржат овој амандман, да почнеме полека да ги решаваме проблемите и да дадеме до знаење и на Владата и на Фондот за магистрални и регионални патишта средствата повеќе да ги насочуваат кон инвестиции, а помалу кон тековни расходи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сега, збор има госпоѓа Роза Топузова Каревска. Имате 8 минути, се надевам веќе доволно ќе ви бидат, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за финансии,

Јас навистина не мислев да земам збор, се во насока на тоа можеби малку и да се забрзам околу работата за донесување на ребалансот. Меѓутоа морам да ви кажам дека репликите на одредени пратеници од парламентарното мнозинство ме пиоттикнаа за една кратка дискусија. И тоа поради две работи:

Прво, не е точно, не ја пласирајте тезате, дека ако не се донесе ребалансот не може администрацијата да земе плата. Плата може да земе. Значи да не ги носиме во заблуда сите оние кои што се вработени во јавната администрација. Тука значи врабоените во образованието, здравството, итн. да не набројувам во интерес на времето. Прво тоа.

И второ, ги користат своите јавувања да се додворуваат на Владата со пофални зборови. Мислам дека ниту се наоѓаме на митинг предизборен туку зборуваме за една многу сериозна тема и со тоа не би требало тие да го трошат времето со пофалбите за рабоата на Владата. Тука, самата Влада си има доволно простор за маркетинг и тоа го прави како што гледаме многу успешно, безмилосно трошејќи ги парите на граѓаните.

Мислам дека треба да го прифатите почитувани колеги овој амандман, нема да говорам во каква состојба се наоѓа овој патен правец, поготово тунелот за кој што толку многу се говореше, кој што после толку месеци едвај, едвај делумно е осветлен и претставува опасност за сите оние граѓани, значи не за пратениците, туку за сите оние граѓани кои што секојдневно или многу често го поминуваат тој патен правец.

Сметам дека е разумно парите од кој раздел се земени и јас да бидам искрена, немам против да се направи музеј на ВМРО и жртвите на комунизмот, но имам против за содржината на тој музеј, што тој ќе содржи и уште долго ќе говорам, затоа што сметам дека со парите од една восочна фигура од повеќе аспекти и од финансиски и од естетски аспект, тоа нам не ни треба, не и треба на Република Македонија, можат да се решат многу други проблеми со тие пари, дури и

проблемите на стечајците, за кои што пред малку говоревме, а не да се купуваат восочни фигури.

И уште една хипокризија од пратеничка од парламентарното мнозинство, дека осум милиони и шесто биле малку, за да се интервенира на овој патен правец. Се согласувам, малку се. Но вчера, истата таа пратеничка кажува дека за патниот правец, ве молам внимавајте, патниот правец Градско-Плетвар, министерот за транспорт и врски кој што исто така, е од Прилеп, доделил два милиона денари, значи осум милиони и шесто денари се многу малку пари, се смешни и се лицемерие и популизам од страна на парламентарната опозиција, а два милиони се многу големи пари за да се интервенираат на патниот правец Градско - Плетвар.

Треба да бидеме многу внимателни кога ги даваме изјавите. Треба да бидеме многу реални, многу објективни, затоа што секоја необјективно и неправилно дадена изјава ги носи во заблуда граѓаните на Република Македонија. Јас кажувам факти. Со два милиони денари на патниот правец Градско - Прилеп, не може да се купи ни доволно боја да се обележи, да се направи хоризонталната сигнализација на тој пат, а не нешто повеќе, некоја посебна интервенција, проширување, или трета лента.

Токму поради тоа, почитувани колеги од парламентарното мнозинство се надевам дека ќе дадете поддршка на овој амандман, затоа што сите ќе признаете дека на овој патен правец секој денар е потребен за подобрување на инфраструктурата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Јас се јавувам за збор, а не за реплика.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Мене ми е жал што овој амандман се користи за политички цели. Значи, не беше таква намерата и да нема некои недоразбирања, се зборуваат различни невистини, се злоупотребуваат други траси, делници.

Амандманот конкретно беше за реконструкција на дел на Автопатот Е -75 и јас кога го објаснував, посочив за кои цели беше предложен.

Сумата која што е дадена таму, можеби нема да биде доволна, можеби ќе биде доволна, но тоа беше сума која што можеше да се извади од друга намена, за која што во моментот ние како предлагачи мислевме дека не е итна за таа намена за која што е предвидена во Буџетот.

Сега тоа е наше право да го дадеме и да го предложиме. Сериозна е ситуацијата со оваа делница. Ако не се усвои амандманот, јас апелирам до претставникот на Владата, јас знам дека министерот за финансии не може да се грижи за тој дел, но за жал, немаме претставник од Министерството за транспорт и врски, каде што може да се интервенира.

Јас апелирам, ова беше добра прилика да се отвори еден проблем, кој што реално постои во Република Македонија. Сега да се препукуваме во времето на СДСМ, во времето на ВМРО биле вакви патиштата, онакви патиштата, проблемот постои, луѓето гинат, ситуацијата од ден на ден е се полоша, доаѓа зима, ќе има големи проблеми и јас апелирам да се излезе во пресрет да се обезбедат средства за да се интервенира на оваа делница. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и давам пауза.

Гласањето ќе го обавиме после паузата за ручек.

(Пауза од 13,30 часот)

(По паузата седнициата започна во 15,00 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам службите да не информираат за точниот број на пратеници во салата.

Во мометнот во салата има само 57 пратеници. Се потпишани над 70 пратеници, а бидејки се работи за еден закон кој е многу битен за секојдневниот живот на граѓаните, се работи за покачување на нивните плати. Многу граѓани трпат поради недонесениот закон, бидејки не можат да примат плата, се работи за учители, за административци, за илјадници луѓе.

Поради тоа, ги молам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата за да може да работиме и што побрзо да го донесеме овој закон, Ви благодарам.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите уште еднаш да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Колеги ве молам, за процедурално, после чинот на гласање за амандманот.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 57 пратеници, од нив 3 гласаа за, 2 се воздржале, 52 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандманот на раздел 14001 Програма 2 потпрограма 20 ставка 464 раздел 16001, Програма 2 потпрограма 20 ставка 425, поднесен од пратениците Игор Ивановски, Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски, Владо Бучковски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Никола Ќуркчиев, Марјанчо Николов, Ацо Киров, Цветанка Иванова, Благородна Цветковска, Весна Бендевска, Борис Кондарко и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе, амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандмнаот.

Има збор господинот Ивановски Игор, не е тука. Има збор господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Значи ова е амандман со кој што се предлага во Буџетот да се предвидат средства, со кои ќе се санираат штетите предизвикани од пожарите кои што ја зафатија Република Македонија. Сведоци сме дека во текот на летото Република Македонија буквално гореше. Се причинија голем број на материјални штети, како на шумскиот фонд, така се причинија штети на одредени населени места за кои што граѓаните треба да добијат соодветна оштета, а исто така е потребно да се изврши обнова на изгорените и опожарените предели на кои што имаше шуми.

Мислам дека, до колку беше Владата по организирана во овој период, голем дел од овие штети ќе беа помали и голем дел од пожарите немаше да бидат со таков интензитет и да предизвикаат толкави штети. Знаеме дури дека во Битола, пожарот стаса и до самиот град, а дури откога требаше да се случи таква драматична ситуација, се реши Владата да побара помош и поорганизирано да настапи.

Бидејки изгоре многу шума, се направи многу штета, предлагаме со овој амандман средства да се предвидат, како би се извршила обнова на опожарените шумски предели, а исто така би се надоместила штетата на граѓаните.

Затоа апелирам до колегите пратеници да го подржат амандманот и колку толку да може да се планираат овие штети, кои што беа причинети со пожарите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

Има збор господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе, јас ќе се потрудам да бидам што пократок, само да кажам неколку збора околу овој амандман кој што го имаме поднесено со колегите пратеници од СДСМ за одделеување на одредени средства за надокнада, односно, за санирање на штетите предизвикани од пожарите кои што ја зафатија Република Македонија, ова лето со големите суши.

Инаку, овие средства кои што ги бараме со овој амандман не се бог знае колку големи средства, но сепак ќе помогнат во санирањето на веќе настанатите штети кои што ја зафатија Република Македонија, или одредени подрачја, како што рече колегата Марјанчо Николов, особено во Битолскиот регион, кој штонамјногу настрада со овие пожари. Инаку, јас не знам од кои причини министерот не го прифати овој амандман. По втор пат ќе кажам, иако не се бог знае колку големии средствата, ако знаеме, всушност знаеме дека овие пожари кои штоја зафатија Република Македонија во летниот период беа од големи размери, па дури ние овде на пленарна седница имавме, односно свикавме итна седница на која што расправавме, ако не се лажам два до три дена.

Значи, ситуацијата беше сериозна, штетите беа големи и поради тие причини ние имавме седница специјално за пожарите и мислам дека овие средства кои што ги бараме со овој амандман не требаше да бидат пречка за министерот, односно за Владата да ги одобри.

Затоа, јас би апелирал до колегите пратеници, особено од регионот од кој што доаѓаат, а беше зафатен со голем пожар, особено од Битолскиот регион.

(Се слушаат реакции од пратениците).

**Бесим Догани:** Колеги ако може ве молам да бидеме малку потивки и да го сослушаме господинот Киров.

Повелете господине Киров.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе, очекувам особено од колегите пратеници кои што доаѓаат од местата каде што беа најмногу зафатени со пожарите. Бидејки им беше малку галама во салата, спомнав пред се, од Битолскиот регион, од Велес, дел од Скопје, секако и Струмица беше зафатена, но во Струмица пожарот беше со помал интензитет. Мислам дека колегите пратеници ќе дадат придонес, односно ќе гласаат за овие средства кои што ги бараме за санирање на последиците од пожарите кои што ја зафатија Република Македонија.

Јас би има толку околу овој амандман, како што реков ќе бидам краток и очекувам сите пратеници, без разлика од која општина доаѓаат, особено оние кои што беа зафатени од пожарот да го подржат овој амандман и да помогнеме за санирање на дел од настанатите штети кои што ја зафатија Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Киров.

Има збор господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван господин министер,

Пред неколку месеци дури сите медиуми пишани имаа еден наслов.

(Се слушаат реакции од место).

**Бесим Догани:** Колеги пратеници седнете на своите места и да создадеме малку потивка атмосфера.

Повелете господине Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Пред неколку месеци, скоро сите пишани медиуми имаа еден единствен наслов: “Македонија во пламен”.

Потпретседателе ако создадете услови да дискутираме, да дискутираме, ако не, мислам дека е бесцелно да се зборува кога имаме вакви догрлувања од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ.

**Бесим Догани:** Мислам дека атмосферата е многу помирна господине Серафимов. Продолжете.

**Влатко Серафимов:** Додека не дошло до инцидент, ќе биде мирна. Меѓутоа,...

**Бесим Догани:** Повелете господине Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Меѓутоа, ако заборавија колегите од мојата лева страна дека ова Собрание расправаше на посебна седница за пожарите во Република Македонија, за елементарната непогода во која што се најде нашата држава. Мислам дека целта и на таа седница и на сите дискутанти кои што земаа учество на таа седница беше и апел до Владата на Република Македонија покрај средствата и опремата што требаше да се набави за противпожарните единици да се обнови и шумскиот фонд. Меѓутоа, ако се осврнеме на учебниците од основно образование во кои што сите учебници не учат дека шумите се...

**Бесим Догани:** Господине Серафимов ве молам, продолжете.

**Влатко Серафимов:** Може ли од говорница.

**Бесим Догани:** Може, бидејќи во моментот се врши контрола на некои гласачки системи во Собранието, бидејќи имаше претходно проблеми, можеби тоа е пречка.

**Влатко Серафимов:** Благодарам потпретседателе.

Имајќи предвид дека во скоро во сите учебници од основно образование учат дека шумите се белите дробови, можеби за вас е смешно почитувана госпоѓо Дулиќ, меѓутоа тоа е вистината. Без шуми ние ќе бидеме онеправдани и без шуми нашите идни поколенија ќе живеат во една средина, која што пред се нема да биде ниту малку пријатна за опстојување на идните генерации. Можеби за вас сето ова е смешно, меѓутоа...

(Пратениците се смејат).

**Бесим Догани:** Колеги, не знам зошто не го слушате господинот Серафимов, има интересна тема. Ве молам, може нешто да научите од излагањето.

**Влатко Серафимов:** Денес патувајќи накај Скопје го слушав државниот секретар во Миистерството за животна средина Дејан Пановски како расправаше на отворена емисија на Македонското радио за животната средина. Со ваков однос, со односот кој што го имате самиот кажа дека сме многу далеку од европските стандарди за животна средина. Тоа не е одлика на слабата работа во Министерството, тоа е одлика на пратениците од владеачкото мнозинство. Луѓето можеби си работат како што треба, меѓутоа со односот кој што го имате вие тука како пратеници од позицијата, за еден сектор кој што е од битно значење, не само за Република Македонија, туку и за нашите соседи кои што се во непосредна близина, како што е Република Бугарија и членка на Европската заедница, како и Република Грција, сами знаете дека животната средина нема граници. Затоа, мојата поддршка на овој амандман е колку порано да насадиме едно дрво, толку побрзо ќе имаме ревитализација на шумскиот фонд во Република Македонија. Можеби за вас е смешно, меѓутоа ако прочитате колку време треба едно дрво да израсне за да го прочистува воздухот и да дава кислород на живите организми, тогаш нема да ви биде смешно и ќе биде жално за вашиот индолентен однос кон животната средина.

Затоа, почитуван господин министер не ми е целта да го одолговлекувам и да го оттгнувам вниманието од ребалансот на Буџетот за 2007 година, меѓутоа вие како чувар на државната каса треба да најдете сили и можности да издвоите средства за пошумување на овие предели кои што беа зафатени од огнената стихија. Затоа, во овој момент знам дека не сте спремни тоа да го направите, меѓутоа верувам дека ќе најдете сили во Буџетот за 2008 година да внесете посебна ставка околу пошумувањето на пределите кои што беа зафатени со огнената стихија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Серафимов.

Има збор господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Почитуван потпретседателе,

сакам да протестирам на вашиот индолентен однос кон се позачестеното инфантилско однесување на припадниците на владеачкото мнозинство.

Да ве потсетам, господине потпретседателе...

**Бесим Догани:** Господине Ивановски се јавивте за збор или процедурално?

**Игор Ивановски:** Да, јас за амандманот зборувам.

**Бесим Догани:** Не, ова е процедура за која зборувате вие.

**Игор Ивановски:** Зборувам, господине потпретседателе, бидејќи кога колегата Влатко Серафимов говореше во насока на поддршка на амандманот за обновување на шумскиот фонд кој што е опустошен после катастрофалните пожари што ги имавме летоска, пратениците на владеачкото мнозинство се исмеваа на неговото говорење. Токму од тие причини, ве молам да реагирате на време, бидејќи кога господинот Љубиша Георгиевски се смееше не на дискусија, на Абдуљади Вејсели, се случи тоа што се случи. Затоа ве молам...

**Бесим Догани:** Господине Ивановски, не знам дали бевте присутен јас неколку пати интервенирав и создадов услови за да го заврши

својот говор господинот Серафимов. Не знам што друго очекувате од нас.

**Игор Ивановски:** Па, ако веќе не можете да ги спречите, барем да ги насочите камерите да го видат однесувањето, па нека суди македонската јавност. Ниту јас, ниту вие, ниту некој друг.

Господине потпретседателе, овој амандман има многу практична и конкретна намена да помогне во обновувањето на оној фонд кој што беше зафатен со пожарите во Република Македонија во летниот период. Ова е неопходно, бидејќи Република Македонија и така во некоја пропорција е скудна со шуми, а дополнително на тој начин што истите беа уништени, што заради огнената природна стихија, што заради слабата интервенција во тој временски период, сметаме дека сега траба да се инвестира со што е можно поголеми финансиски ресурси во обновувањето на овој фонд. Тоа од причина што Република Македонија тоа не може да го направи со една или со повеќе административни одлуки, но мора да започне со таквиот процес. Апсолутно сметаме дека средствата со кои што сакаме да се дополнат се мала помош во таа сума, која што претпоставувам дека Република Македонија ќе мора во континуитет да одвојува.

Во овој амандман апсолутно нема никаква политика, во овој амандман има едноставно грижа за сегашноста и за иднината на Република Македонија и не гледам причина министерот за финансии без никаков минимум образложение да го одбие самиот амандман. Бидејќи, а тука и ќе завршам, за амандманот и очекував и барав процедурално во претходните 20 минути не го добив повторно да го побарам и да го добијам од ваша страна, ќе видите што е процедуралното. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ивановски.

Господине Дамески вие се јавивте за реплика повелете.

**Панче Дамески:** Благодарам потпретседателе,

почитуван министре.

Би му реплицирал на колегата Ивановски, бидејќи очигледно не ја познава проблематиката. Сите изјави кои ги даде и самиот текст на амандманот е доста паушален и произволен и во проценката и во износот кој се бара. Би го прашал колегата Ивановски дали знае колку пари треба за пошумување на еден хектар. Према парите што ги бараат со овој амандман може да се пошуми само 1% од опожарените површини ова лето во Македонија. Значи, факт е дека овој амандман е поднесен само да се поднесе амандман и да се кочи работата на Собранието, да се кочи донесувањето на овој ребаланс.

Со Законот за шуми кој го имаме предвидени се 80 милиони денари за пошумување во Македонија, има предвидено програма за пошумување на опожарените површини и со овие пари, 80 милиони преку 2000 хектари ќе бидт пошумени. Тоа значи дека нивната наводна грижа за опожарените површини е само маска за кочење на работата на овој Парламент и донесувањето на овој ребаланс на Буџетот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Дамески.

Контра реплика има господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Дали 1, 5 или 10% помош за зголемување на шумскиот фонд е сепак зголемување. И, за разлика од ВМРО-вската наредба преку ЈП “Македонски шуми” инспекторите даваат сеча незаконски и нелегитимна на партиските членови на ВМРО-ДПМНЕ, што во континуитет ни се случува и тоа во пресрет на зимата, заради барање на партиска поддршка СДСМ бара парите на граѓаните да се употребат за нешто корисно, а тоа е за подигање на шумските насади. Е, во тоа е големата сериозна разлика. Додека некој дава наредба бесправно да се сече, некој бара парите да се дадат за подигање на нови насади. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ивановски.

За збор се јави господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Се јавувам по втор пат по истиот амандман испровоциран прво од однесувањето на владеачкото мнозинство и коментарите на колегата Дамески, кој очигледно сака да изигрува експерт по земјоделие и цело време сите дискусии да ги насочува на тоа дека некој сака да ја кочи работата или дека некој овде во Собрание дошол само да притиска на копчињата, без притоа да може да го изрази својот став по одредени прашања. Мислам дека таквото однесување не доликува на еден пратеник во Собранието на Република Македонија. Жалам што така се однесуваат и целов реме не провоцираат дека ние нешто кочиме, оневозможувајќи како што велат тие дека тука треба да се води дебатата, да не можеме да водиме дебата во Собранието на Република Македонија, притоа на тоа се надоврзува и претседателството на Собранието, кое што вакви точки ги става во крајни рокови, притоа оневозможувајќи ние да дебатираме по истите, а се многу значајни, бидејќи преку Буџетот се пресликува целата работа на Владата, сите нејзини политики и имаме легитимно право како опозиција и да ги критикувме таму каде што мислиме и да ги фалиме. Со вакво однесување не е ни чудо што во Парламентот има таков рејтинг и што се случуваат такви настани.

Се јавив околу амандманот само затоа што, додека зборуваше мојот колега Влатко Серафимов, дел од колегите се смееја на неговата дискусија. Значи, не е добро некој кога дискутира, некој да му се смее, а притоа кога беше ситуацијата со пожарите повторно да

покажува несериозност и да се однесува неодговорно према таквата ситуација. Дел од пратениците ја искористија таа можност да се појават на местото на пожарите, да дојдат со полициски коли наводно да го решат проблемот и потоа да отидат на некој рибник да ручаат, правејќи се дека тие многу се грижат или сакаат да го решат проблемот со пожарите. Ниту таквото однесување не води добро кон решавање на проблемите во Република Македонија. Шумскиот фонд е во сериозна опасност во Република Македонија не само од пожарите кои се случија летоска, туку и од неконтролираната сеча која што се врши од диви сечачи. Само до мене има доставено барање од жителите на Карабуниште и на други околни села во Богомилско дека сега се врши масовна сеча неконтролирана на шумите, а тие и покрај сите интервенции и до Инспекторатот и до Шумската полиција и до Министерството никој ништо не превзема. Огромни шуми се уништуваат без контрола а некој печали од тоа. Значи, треба сериозно да дискутираме за ова прашање ако сакаме некој проблем да се реши во државата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор по амандманот, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, му давам збор за процедурално на господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Мојата процедурална забелешка е една замолница до министерот за финансии да искаже еден јавен факт пред пратениците и за да ние од СДСМ, верувам и другите пратеници, да се обидеме да добиеме една коректна и точна информација и да се демаскираат континуираните лаги што се пуштаат од страна на одредени центри. А тоа е дека наводно недонесувањето на Буџетот на Република Македонија во овој момент во претходната или следната минута ќе значи наводно неисплаќање на платите на членовите на јавната и на државната администрација. Јас знам дека тоа не е точно и дека тоа е лага, бидејќи и во постоечкиот буџет тие средства веќе постоеја и тоа го искажа и Груевски и Ставревски и Славески и тн. Но, сакам во интерес на нас пратениците за да можеме коректно и нормално да работиме на подобрување на овој ребаланс на Буџетот, министерот Трајко Славески да излезе на говорницата, да престане да молчи и да каже дали е точно или не. Јас знам дека тоа не е точно, можам да го елаборирам, нема да го направам сега за да не го злоупотребам процедуралното интервенирање, ќе го кажам по дискусијата по следниот амандман, но сакам тоа да го каже министерот Трајко Славески, за да можеме понатаму коректно да работиме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ивановски.

Процедурално за објаснување се јави министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Му благодарам на прашањето на господинот Ивановски, буџетските корисници ги имаат алоптирано средствата за исплата на плати по идеални дванаесетинки, значи за 12 плати во текот на годината за секој месец поединечбно. Најголемиот дел од нив не се во состојба да исплатат плата зголемена за 10%. Оттука, точно е тоа дека се чека на усвојување на ребалансот и законите што следат по него за започнување со пресметките кои што ќе треба да траат неколку дена. Во најдобар случај ако денес се донесе ребалансот на Буџетот и соодветните закони, платите ќе можат да се исплатат дури наредната недела.

**Бесим Догани:** Ви благодарам за објаснувањето, господине министер.

Бидејќи претресот по амандманот е заклучен, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 62 пратеници, од нив 11 гласаа за, 2 воздржано, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 15020 Програма 4 потпрограма 41 ставка 471 и Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратениците Верица Филипова, Тале Герамитчиоски, Никола Поповски, Марјанчо Николов, Кире Гештаковски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот не се прифаЌа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам почитувани присутни.

Јас на почеток би сакала да изразам незадоволство од одговорот на министерот на процедуралното прашање на почитуваниот колега Игор Ивановски за пресметката на платите на јавната и државната администрација. Или би сакала да појаснам што кажа министерот. Министерот кажа, ако втората точка беше прва, платите ќе можеа да се исплатат, затоа што се плаќале по 1/12 годишно, сега треба да се плати 9/12 за месец септември, значи во уџетот за 2008 година од платите има уште 3/12. Значи 9/12, господин министер, може да биде зголемена за 10,20 и за 50% кога ќе дојде крајната пресметка ќе се прави крајна сондажа дали се исплатени сите тие 12/12 колку што има пари во Буџетот. Меѓутоа

ако беше втората точка прва, а парламентарното мнозинство изгласа да биде оваа точка втора, значи како што беше дневниот ред почетен на оваа седница, прво, го донесевме законот за исплата на плати во Република Македонија, ќе можеше да се пристапи уште првиот ден од расправата на 71-та седница на Собранието на Република Македонија, ќе можеше да се пристапи кон пресметка на платите.

Она што кружи во јавноста и што го пуштате тенденциозно е невистина. Така, одговорот требаше од вас да биде краток, чесен и искрен, а не да кажете дека благајниците пресметуваат плати по 10 дена, дали на рака работат сеуште, не, секаде се работи со компјутери. Потоа да кажувате и други образложенија за да ја лоцирате одговорноста на опозицијата.

**Бесим Догани:** Господо Филипова, сега ќе ве молам да зборувате по амандманот.

**Верица Филипова:** Сега би поминала кон објаснување на овој амандман кој не го прифати Владата.

Имено, СДСМ уште во текот на месец септември, поточно на 19 септември предложив до Парламентот закон за социјална заштита од енергетска сиромаштија. Овој закон ние го промовиравме, впрочем и на наша прес-конференција пред да го доставиме до Парламентот, предвидува одредени најсиромашни категории, домаќинства во Република Македонија да бидат ослободени од плаќање на потрошената електрична енергија, односно белешките за струја до висина од 300 киловат часови им ги подмирува Владата, односно се подмируваат од Буџетот на Република Македонија. Поточно во Република Македонија постојат преку 70 илјади домаќинства корисници, приматели на социјална помош. Понатаму, во тој наш Предлог закон предложен од страна на пратеничката група на СДСМ, други категории на домаќинства кои се опфатени кои би ги добиле овие бенефиции се домаќинствата во кои нема ниту еден вработен, а не се приматели на социјална помош. Потоа домаќинствата кои имаат невработено лице, кои имаат корисник на паричен надомест во случај на невработеност од Агенцијата за вработување кој се движи во висина на постојаната социјална парична помош и истиот е единствен приход на домаќинството. Понатаму, категории на граѓани потрошувачи, домаќинства со повеќе од два члена во кои има еден пензионер што добива минимална пензија од прва група и истиот е единствен приход на домаќинството. И последната категорија на кои би се бенефицирало, односно би биле ослободени од плаќање на електрична енергија до 300 киловат часови се потрошувачите домаќинства со повеќе од два члена во кои има само еден вработен со минимална плата чиј износ се движи во висина на постојаната социјална помош и нема други приходи во домаќинството.

При предлагањето на овој закон се водевме од фактот дека сиромаштијата во Република Македонија е многу голема и дека сиромаштијата во Република Македонија од ден на ден се зголемува. Јас не би сакала повторно да цитирам, односно да ги кажувам резултатите од последната анкета на Националниот институт за демократија во која граѓаните се изјаснија преку 40% дека сиромаштијата е зголемена и се зголемува. Така што во овој закон се предвидува Владата, односно од Буџетот на Република Македонија до цена од 300 киловат часови, во денари тоа изнесува 858 денари кај еднотарифните мерења, или 1069 денари кај двотарифните броила сметката до таа висина се плаќа од Буџетот на Република Македонија.

Почитувани присутни, нашиот Предлог закон се уште не е ставен како точка на дневен ред на некоја од собраниските седници. Меѓутоа, бидејќи е поднесен да оди по итна постапка, се надевам дека наскоро ќе го добиеме како некоја од последните точки, како што впрочем и владеачкото мнозинство прави, 24-та, 25-та точка да не дојде никогаш на дневен ред. Меѓутоа, јас се надевам дека Владата ќе има слух дека нашиот народ е навистина многу сиромашен, дека постојат категории на домаќинства кои навистина не можат да врзат крај со крај. Не сакам да ја отворам повторно темата за стечајците. Денеска зборувавме доста за нив и тие влегуваат во една од овие категории. Цениме дека е потребно од Буџетот со овој ребаланс на Буџетот, да потсетам дека многу ретко во Република Македонија се правени два пати ребаланси на Буџетот. Тоа се случува оваа година кога нашата Влада на почетокот на месец август ни достави еден ребаланс и овде дискутиравме. До 2 август се сеќавате како одеа тие дискусии, колку време се дискутираше по тој ребаланс. И веројатно по грешка на Министерството за финансии тогаш не предвиделе се добро. За 15, 20 дена повторно прават нов ребаланс на Буџетот, повторно се дискутира во ова Собрание неколку денови. Можеби до Нова година уште 2, 3 пати ќе им текне дека нешто заборавиле, пак ребаланси на Буџетот, пак ќе го трошиме скапоценото наше време, парите на даночните обврзници да дискутираме по едни исти теми. Меѓутоа, што е, тоа е. Ние овде како опозиција не можеме да ги менаџираме тие работи. Тие работи остануваат на власта, остануваат на претседателот на Собранието, уште повеќе на претставниците од Владата на Република Македонија и на министерот за финансии. Значи, и ако Собранието на Република Македонија го изгласа предложениот закон за намалување на енергетската сиромаштија едно од образложенијата на Владата би било дека во Буџетот нема пари да се подмират тие средства. Поради тоа СДСМ ја искористи оваа прилика на повторен ребаланс на Буџетот, можам да кажам за наша среќа да можеме да ги вклопиме средствата потребни за намалување на

енергетската сиромаштија уште наредните три месеци во овој ребаланс и да побараме Владата на Република Македонија односно колегите пратеници да го изгласаат амандманот, со тоа да помогнат на најзагрозената група граѓани за најсиромашните граѓани во Република Македонија. Од сето ова што се случува овде од ноншалантниот однос на колегите пратеници од мнозинството кои ниту слушаат за што се говори овде, а камоли да гласаат, со секоја чест на изузетни исклучоци. Би го завршила моето образлагање по овој амандман и апелирам да се изгласа бидејќи навистина тоа се група граѓани кои не гласаа нас овде за пратеници, тоа се група граѓани кои гласаа и за СДСМ, меѓутоа многу повеќе за ВМРО-ДПМНЕ и владеачката коалиција и треба да им помогнеме.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Филипова.

Има збор господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Многу накратко. Господине минстре не само што знаете да ја повторувате едната иста реченица дека не ги прифаќате амандманите, туку веќе започнавте брутално да лажете. Она кое што го кажавте на моето многу коректно процедурално прашање кое беше во насока да ја информирате и да престанете да ја дезинформирате македонската јавност е уште една потврда дека вие во овој момент го одбравте методот на буквално лажење, дека доколку не се донесе овој Буџет во моментов не можат да се исплатат платите. Погледнете ги во најголем број од институциите ги намалувате делумно, некаде се исти ставките за плати на администрацијата, а и вашиот шеф Груевски истакна дека и вие тоа го потврдивте дека имате резерви во Буџетот за 3 месеци да исплатите зголемена плата. Така што престанете да лажете и ќе работиме за Буџетот во таа смисла.

**Бесим Догани:** Господине Ивановски би ве замолил да говорите по амандманот. Повелете.

Господине Серафимот овде има процедура не сум ја створил јас, сте ја створиле вие заеднички. Повелете господине Ивановски.

**Игор Ивановски:** Знаете зошто господине потпретседателе ова го потенцирам? Затоа што целиот концепт на Буџетот кој што наводно е направен за да се усогласи зголемувањето на платите е лажен. Ние се обидуваме со амандманите да го подобриме текстот на Буџетот...

**Бесим Догани:** Господине Ивановски, само да ви помогнам малку. По завршувањето на амандманската расправа ќе имате право да земете збор после искажете дека министерот наводно лажел, како што велите вие.

**Игор Ивановски:** За да ви ја олеснам работата бидејќи тешко ви е да ја менаџирате седницата ќе кажам уште две реченици и ќе се повлечам од говорење, а ќе го земам правото да говорам повторно по општата расправа, но знаете не се носи Буџет со лаги. Исто како што не се води држава со лажење и да кажете дека 20 и кусур места Македонија рипнала на листата на Транспаренс интернешнл, а таа листа се однесува за 2005 и за 2006 година. Со лажење не се води држава и не се прави Буџет. Благодарам.

**Бесим Догани:** Еве, господине Ивановски зошто ми е тешко да ги менаџирам седниците, бидејќи вие упорно не говорите по амандманите.

Како и да е, ви благодарам господине Ивановски.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван потпретседателе, почитуван министре, колеги пратеници.

Јас ќе се обидам накратко да објаснам која е суштината на овој амандман, бидејќи сум еден од предлагачите. Значи, ова решение кое што се нуди тука јас би се сложил дека е парцијално. Но, некогаш амандман се дава за да се привлече вниманието на Владата за одредени состојби кои што се во реалноста. Ова неколку пати ни се случува, значи кога ќе образложувам некој амандман барем да го добијам почитуваното внимание од претставникот на Владата. Но ќе почекам.

Почитуван министре ќе повторам, ова решение кое што го предлагаме можеби е парцијално. Но, би се сложиле со мене дека во овој сегмент постојат многу недоречености кои што кога, тогаш Владата ќе мора да ги превземе за да регулира одредена област. Имено, деновиве и во јавноста од повеше експерти е посочено дека во делот на сметките за електрична енергија кои што домаќинствата ја добиваат има одредени пропусти, особено во делот на плаќањето на процентуален износ за ангажирана моќност итн. Реалноста е што во надворешноста, надвор од Скопје не постои голем избор на енергенси, супституенти за во зимските периоди за добивање на топлинска енергија. Голем дел на домаќинствата кои што не се вклучени на систем на централно греење користат и електрична енергија. Бидејќи сиромаштијата во Република Македонија е на она ниво на кое што е, тогаш во реалноста се случува, се случуваше и во минатото при одредени акции на Електростопанство на Македонија да се исклучуваат домаќинства заради ненадмирени сметки, или голем дел на корисници се диво приклучени без тарифните броила, или струјомерите да ја регистрираат количината на струја која што се троши. Затоа значи наплатата на количеството на потрошена енергија беше многу ниско. Бидејќи зборувавме за таа категорија на население без да го злоупотребувам времето, очигледно е дека не ве интересира потребно е да се преземе нешто на тој план. Нешто преземавте бидејќи во весниците прочитавме за такво нешто. Предлагаме во овој дел зголемување на средствата како би можела Владата да интервенира во делот на интервенција на

социјално загрозените домаќинства. Доколку сметате дека нема потреба од такво нешто, ситуацијата може и радикално ќе се влоши, бидејќи сега системот е во приватни раце. ЕВН ќе пристапи кон радикално подобрување на наплатата и драстично зголемување на контролата на овие корисници. Ќе дојде до ситуација луѓето кои што се на работ на егзистенција да бидат исклучувани од мрежата за напојување. Ние ви даваме можност со овој амандман да може како Влада да интервенирате. Нашето видување го искажавме преку амандман, па повелете, вие сте на потег.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Се јавувам во подршка на амандманот на моите колеги за обезбедување на средства за до крајот на оваа година за надомест на сметки за потрошена електрична енергија на домаќиствата кои примаат социјална и друга помош.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, нешто свири, не можам да лоцирам што свири во салата?

**Јани Макрадули:**

Во минатиот состав кога бевме автохтоните ВМРО-вци си ја пуштаа химната, ама овие бидејќи се новокомпонирани пуштаат некои...

**Иван Анастасовски:** Јас реагирав, не знам дали е мобилен телефон.

**Јани Макрадули:** Значи, согласно Деловникот вие сте должни да обезбедите услови за нормално зборување.

**Иван Анастасовски:** Јас тоа и го правев. Повелете продолжете по амандманот.

**Јани Макрадули:** Значи, се јавувам во подршка на амандманот за обезбедување на средства за надомест на сметки за потрошена електрична енергија на домаќинствата кои примаат социјална и друга помош и тоа се однесува само до крајот на оваа година. Бидејќи се надевам ќе собере сила претседателот на Собранието заедно со двајцата потпретседатели на седница на Претседателството на Собранието да го стават на дневен ред законот кој што е предложен од пратеничката група на СДСМ за системско решавање на овој проблем. Секако ребалансот на Буџетот е добра прилика додека го чекаме законот за измени на Законот за социјална заштита од енергетска сиромаштија, предложен од пратеничката група на СДСМ да обезбедиме средства за надомест на сметките на оваа категорија на граѓани за избегнување, или заштита од енергетската сиромаштија. Да бидам искрен како тргнала Владата со политиката што ја води во енергетскиот сектор, јас тоа сум го зборувал во месец јануари, во месец февруари и во месец март дека квази политиката што ја води во овој дел ќе доведе до катастрофални последици за Република Македонија. Мене не ми е некоја утеха што во денешниот весник загриженост за енергетската стабилност и иднина на Република Македонија покажува бивш директор поставен од ВМРО-ДПМНЕ. Таа сатисфакција што е разрешен од господинот Груевски затоа што изгуби во внатрепартиската борба со Чинговски, исто не ми е сатисфакција, затоа што се плашам. Ако бев во јануари, февруари и март загрижен, сега се плашам дека на 1 јануари 2008 година ќе осамнеме во мрак. Јас знам дека тоа можеби ќе донесе побрзо до некои други ситуации во државата. Но, ова што се прави, овој системски аматеризам во оваа област не принудува да ја користиме секоја прилика да изнаоѓаме решение како да се заштитиме од енергетската неизвесност во Република Македонија. Сведоци сме секојдневно на паѓање, случајно, или намерно на блоковите во РЕК Битола само за да се зголеми увозната компонента на струјата и на тој начин мала група на луѓе од опкружувањето на фамилијата да се збогатат енормно, затоа што оцениле дека увозот на електрична енергија е многу доходовен бизнис. И затоа СДСМ предложи закон, а ова е операционализирано во овој амандман за да се заштитат од енормното покачување на цената на струјата што ќе настане заради аматерската политика. Во оваа област да изнајдеме решение за лицата и семејствата кои примааат социјална и друга помош, да најдеме средства за заштита на домаќинствата од енергетска сиромаштија.

Затоа, во различни групи на граѓани или во домаќинства предвидуваме, кои добиваат социјална помош согласно закон или кои немаат ниту еден вработен, а кои за жал не се корисници на постојана парична помош, или домаќинства кои имаат невработено лице корисник на парична помош во случај на невработеност од Агенцијата за вработување кој се движи во висина на постојана социјална парична помош и истиот е единсственприход во домаќинството и домаќинството со повеќе од два члена кое има еден пензионер што добива минимална пензија од првата група и истата е единствен приход на домаќинството, како и домаќинствата со повеќе од два члена во кои има само еден вработен со минамлна плата чиј износ се движи во висина на постојана социјална парична помош и нема други приходи во домаќинството, да се обезбеди покривање на месечната потрошувачка во зависност исто така од категоријата за 300 киловат часови за социјални потрошувачи - домаќинства кои имаат едно тарифни броила или 300 киловат часови за време на важење на висока дневна тарифа утврдена согласно тарифниот систем за продажба на електрична енергија за социјални потрошувачи и домаќинства кои имаат двотарифни броило за регистрирање на потрошената активна електрична енергија по важечките цени и тарифи со вкалкулиран ДДВ исто како и во првиот случај.

Затоа, мислиме и сметаме дека се поголемата енергетска неизвесност која е евидентна во Република Македонија треба да не загрижува нас

овде во Парламентот пред се, затоа што парламентарното мнозинство и покрај укажувањата на нас пратениците од СДСМ сепак се реши да ги поддржи измените на Законот за енергетика на крајот на март, што гледаме доведе до несакани последици во бизнис сферата, а да се замислиме сите да го спречиме обидот за загрозување на многу домаќинства со оваа аматерска политика што некој ја планира да ја направи во Република Македонија, а за која што денес читаме противници се и бившите членови на Комисијата за енергетика на ВМРО ДПМНЕ, кои веројатно за да го зачуваат сосема логично универзитетскиот кредибилитет што го имаат, бидејќи сепак тоа е малку појако од партиските притисоци што морале да ги направат, отворено и тоа јас го поздравувам зборуваат против ваквата политика во енергетскиот сектор што ја води Владата на Република Македонија. СДСМ како партија која социјалната компонента ја има на прво место гледа она што е реалност во Република Македонија, а тоа е дека ваквата аматерска политика ќе доведе до многу проблеми и како во бизнис сферата, така во осиромашувањето на многу семејства, особено оние најзагрозените, оние кои добиваат социјална помош, веќе реков кои, да не ги повторувам петте групи и затоа мислам дека треба овој амандман да биде не само поддржан за да ги заштити нив, туку да биде и предупредување за сето она што некој во Република Македонија, некој од светската и меѓународната јавност не го мисли, освен двајца-тројца луѓе кои можеби изолирано, само господинот Чингоски го мисли тоа и да влеземе во една таква авантура. Значи овој амандман има двојна функција или тројна ако сакате, да го потсетиме претседателот на Собранието да го постави на дневен ред законот што во нормална процедура е поднесен од страна на пратеничката група на СДСМ, но сеуште не го имаме како најава на дневен ред на некоја наредна седница, а веќе во петок имаме најава на нова седница, се разбира, првата компонента е да го реши овој проблем и домаќинствата кои примаат социјална и друга помош, но да биде и предупредување за политиката што во оваа област Владата на Република Македонија ја води. За жал, една исклучително висока и добро развиена гранка во Република Македонија сме сведоци како може брзо да се уништи, како недомаќинското и аматерското однесување може да доведе до катастрофални последици. Затоа, во овој ребаланс на Буџетот, тоа го кажа и во своето воведно излагање предлагачот, претставникот на прдлагачот, зборува дека треба 13 милиони евра да се префрлат во некоја енергетска кохезија или во некоја консолидација на еден сектор кој што ни во времето пред 1990 година не добивал помош од државата. Ова е прв пат да се случува, односно втор пат, прв пат во оваа Влада се случува тоа, прв пат се случува во Македонија, но втор пат за време на оваа Влада и овој министер за финансии, државата да троши огромни средства за помош на едно претпријатие кое успевало да се снајде и во минатото, не само до 1990 година, туку и пред 1990 година. Овие 13 милиони евра што се даваат нема да помогнат на обезбедување или заштита од енергетска сиромаштија на многу домаќинства, туку напротив, ќе треба да ги покријат дупките што некој со своето аматерско однесување, не стручно, не совесно и не одговорно ги прави овие година и два-три месеци. Енергетската област не е област во која може да се импровизира, последиците од таквото аматерско однесување ги чувствуваме секој ден. Затоа велам, поддршката на овој амандман во овој момент можеби изгледа нереална од страна на парламентарното мнозинство, но ве уверувам дека оваа политика што овде се води во овој момент ќе доведе до огромни штети на Република Македонија.Може и министерката за економија да се прави наивна и да се крие зад својот претседател, исто и таа не може да избега од оваа одговорност. Затоа, час поскоро нека се консултираат оние луѓе што знаат, нека се прашаат оние луѓе што можат и што се подготвени да водат една исклучителна, како што ќе каже денес и разрешениот директор од страна на ВМРО ДПМНЕ, една кревка енергетска стабилност на нашата земја.

Затоа, апелирам да се поддржи овој амандман, но апелирам и да се размисли во каква авантура некој ќе ја втурне Република Македонија и ако тоа се случи, не само она што го знаеме сите експерти од Република Македонија, туку тоа го зборуваат и се поотворени оние од надвор, на 1 јануари 2008 година може да се случи да нема струја воопшто во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Дали има за реплика?

Три минути реплика за пратеник господин Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе,

Јас ќе му реплицирам на господинот Макрадули во однос само на една работа, а тоа е: енергетската сиромаштија господине Макрадули ја создадовте вие и ќе ви напомнам на кој начин. Во времето на СДСМ кога за време од пет дена невработените немаа да се пријават во Агенцијата за вработување ќе ги бришевте од списокот и ќе ги ставевте во наредната година исто како да биле вработени. На тој начин им го одземавте правото за социјална помош и тие социјални граѓани не можеа да ја платат основната енергетска потреба или сметките за струја, па оттука господине Макрадули, значи аматерската политика ја започнавте вие и тоа на кратки стази. Не ја започна ВМРО ДПМНЕ туку ја започнавте вие со тоа што сакавте да прикажете колку вашата Влада е успешна и како бројот на невработеноста се намалува со тоа што им ја одземавте и последната надеж на сиромашните луѓе да го добијат она што е егзистенцијална помош или социјална помош. На овој начин многу

домаќинства останаа без струја. Тоа е таа енергетска сиромаштија која што вие ја спомнувате господине Макрадули.

Но на крајот би рекол сепак задоволува тоа што на крајот можеби се освестивте и навистина се вративте кон социјалдемократијата. Тоа е позитивно во овој момент. Благодарам.

**Иван Анастасов:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Исто на овој начин господинот Славески веројатно му ги кажуваше истите овие лаги на господинот Стојан Тапанџиоски и тој наивниот се појави на телевизија и го кажа тоа на прес конференција, па потоа Владата го разреши бидејќи не може подпртседателот на ВМРО ДПМНЕ да го разреши, го разрешија човекот, затоа што ги кажуваше истите овие лаги за бришењето и небришењето во Агенцијата за вработување. Сите оние кои што нема да се пријават согласно законските прописи и денес се бришат во Агенцијата за вработување. Можеби господинот Грозданов не го знае тоа, ама тогаш кога заедно Тапанџиоски и Трајко Славески се сликаа и се смееја, тогаш мислеше дека ќе ја има поддршката, ама другиот ден го сменија бидејќи цела Македонија разбра што се случува и дека лаже. Затоа, не верувајте на некои работи кои се покажаа до сега десет пати за лага.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжувме со расправа по амандманот.

Има збор пратеник господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги рпатеници, почитуван министер овој амандман мислам дека е еден од клучните амандмани кои што требаше да го изрази ставот на Владата во врска со значајните приоритети кои постојано декларативно се искажуваат, како што беше и вчера амандманот во смисла на решавање на статусот на стечајните работници. Притоа, уште еднаш се потврдија ставовите или приоритетите кои што оваа Влада ги има.

Прво, според она што го работите во Собранието и Владата покажавте и докажавте дека ЕУ, НАТО, европските перспективи не се приоритет на оваа Влада. Тоа можам некако да го разберам ако приоритет ви беше решавањето на проблемите на граѓаните, тоа значи решавање на статусот на стечајните работници, подобрување на положбата на социјалните случаи, во Република Македонија. Меѓутоа, гледаме дека и од тие проекти нема ништо. Се прашувам кој е приоритетот на Владата. Ако не е приоритетот Европска Унија и НАТО перспективите на Република Македонија за која што покажавте дека не е, второ, не ви е приоритет интересот на граѓаните, подобрување на нивниот живот и тн., останува дека единствен приоритет на Груевски и на ВМРО ДПМНЕ во овој момент е зачувување на сопствените позиции, јакнење на сопствените позиции и зголемување на сопствените конта се повеќе и повеќе. Само тоа и во таа функција веројатно ги носите сите одлуки кои ги презентирате овде во Парламентот.

Мислам дека многу повеќе, еве колку говориме за одредени амандмани кои се во интерес на граѓаните, не за да ве убедиме вас како министер за финансии или Владата на Република Македонија, имате ваш став, сте го донеле на Владата, го презентирате на прес конференции така како што го презентирате. Мислам дека со овие аргументи кои ги нудиме овде пред Собранието ќе можеме да го убедиме парламентарното мнозинство во исправноста на овие амандмани и подобрувањето на животот на граѓаните како еден од приоритетите, заради тоа што напоменувам најголемата одговорност сепак ја носат пратениците кои непосредно излегуваат на избори пред граѓаните, иако и вие бевте дел од таа изборна кампања во која бевте дури и носител во една од изборните единици.

Зошто велам дека ставот на Владата денес само се потврдува дека не е во интерес на граѓаните? Заради тоа што прво знаеме дека со донесувањето на закон со кој го укинавте пензиското и инвалидско осигурување за лицата кои живеат во стопански недоволно развиените подрачја покажавте дека не сте заинтересирани ниту да ги задржите луѓето на тие места во Република Македонија, ниту да направите нешто за нивниот развој а уште помалку, ако не да го подобрите барем да го оставите на нивото на кое што беше животот на овие граѓани. Тоа го направивте.

Втората работа, овде говоревме при доенсувањето на закон за такси, за зголемување на таксата на улично осветлување, тогаш кажувавте дека некој барал такво покачување па имало оправдани причини, па тоа нема да биде голем издадок за граѓаните на Република Македонија, нудевте некакви аргументи пред граѓаните на Република Македонија, меѓутоа, не ви веруваат заради тоа што пред неколку дена ги добија сметките на кои имаат дупло покачена такса за електрична енергија, гледаат дека единствено тоа е од сопствениот буџет, и тка малиот буџет.

Исто така, од 1.01.2008 година кога ќе им ги доставите решенијата за данок на имот на сите луѓе во неразиените подрачја, кога ќе ги доставите решенијата на сите стопански капацитети во Република Македонија, ќе бидат дека исто така не се приоритет овие заложби за кои говори амандманот. Меѓутоа, само што не можете да направите, тоа е да не спречите да поднесуваме амандмани кои се од интерес на граѓаните на Република Македонија како што е овој амандман и да говориме на оваа собраниска говорница, за која секако ќе судат на крајот граѓаните на некои од идните избори.

Мислам дека ваквиот став на Владата, ваквиот игнорантски однос на замолчување или мижење пред аргументите дека голем дел од граѓаните во Република Македонија имаат потреба од социјална помош и од дуги видови помош, самиот факт дека голем дел од граѓаните не можат да обезбедат основна егзистенција, не можат да обезбедат храна за сопствените семејства говори дека има потреба да се обезедат средства со кои ќе се овозможи намалување на енергетската сиромаштија, односно да се обезбеди социјална заштита од енергетската сиромаштија во Република Македонија.

Токму заради тоа го поднесовме овој закон кој не знам колку време би чекал да дојде на дневен ред во Собранието, веројатно толку колкуу што чека и Законот за стечајците, можеби и повеќе, толку колку што чека законот за измена на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување итн.

Заради тоа со овој ребаланс на Буџет за кој самите истакнавте дека има доволно средства, ќе можеме да ги намениме за одредени потреби, еден од приоритетите беше и решавањето на проблемот на стечајните работници, меѓутоа, и обезедување на средства за намалување на таа енергетска сиромаштија и за заштита на грѓаните од енергетска сиромаштија, заради тоа што ако можеме да одделиме во овој Буџет, односно вие, 13 милиони евра за јавни претпријатија ЕЛЕМ и МЕПСО кои се занимаваат со енергетика во Република Македонија или основна дејност им е, за да ги помагаме, каде е тука либерализацијата, каде е една од вредностите на вашата демохристијанска опција. Синоќа слушнав дека нешто што сте направиле во сопствената партија, а сега ќе го првите во Република Македонија е либерализацијата, а со користење на вакви методи, со директни интервенции во јавни претпријатија. Со овој потег на Владата со ребалансот за доставување на овие 13 милиони евра во овие две јавни претпријатија не очекувам ништо спектакуларно да се случи. Само може да се случи да падне едниот или другиот надзорен одбор за да се зачува некој од директорите кој што успеал да испере 500 илјади или милион евра во овој момент, кои ќе бидат некаде во касите на ВМРО ДПМНЕ. Тие пари можевте да ги употребите и за граѓаните токму за ова за што се поднесува и амандман. Заради тоа што навистина голем дел од граѓаните во Република Македонија од објективни и субјективни причини благодарение на сите досегашни состојби во Република Македонија немаат доволно средства за сопствената егзистенција. За тоа доволно говоревме вчера за стечајните работници, тие што се тука, оние што се дома, луѓето кои земаат социјална или друга парична помош која не може да им стигне ниту за парче леб. Мислевме дека со ваква интервенција во Буџетот на Република Македонија ќе можеме да направиме барем чекор напред, да им дадеме барем малку надеж на граѓаните на Република Македонија дека нешто се прави во подобрување на условите за живот.

Не можеме да кажеме ќе ги подобриме условите за живот со тоа што ќе ги зголемиме сега платите во Република Македонија за 10%, не за 10, туку кога сега за 50% ќе се зголеми цената на зејтинот, на лебот, на јавниот превоз итн. Не се намалуваат цените. Тоа може да се види и тоа е евидентно. Мислам дека и Владата и парламентарното мнозинство немаат друг избор.

За мене гледам две решенија со кои ќе можеме да излеземе од оваа состојба. Едното е да парламентарното мнозинство направи еден прирачник во кој што ќе ги посоветува граѓаните на Република Македонија, како може тој, веројатно автор би требала да биде Надежда Груевска, како може со една плата на медицински техничар да се обезбедат три или четири стана во Македонија за неколку години. Ако има добра формула, да се понуди тоа на граѓаните на Република Македонија, тогаш нема потреба од вакви амандмани и закони. Тогаш ќе го искористат тој прирачник и ќе можат, врз основа на тоа да остварат добра егзистенција во Република Македонија за нив и за нивните семејства.

**Иван Анастасовски:** Колега, сепак да се држиме до амандманот.

**Оливер Спасовски:** Знам дека боли, но тоа е факт. И, тоа е едно од решенијата.

(Дофрлање од место)

**Иван Анастасовски:** Ве молам, ве молам колеги, ве молам колеги.

Да се држиме до амандманот.

**Оливер Спасовски:** Второто решение што може да се направи е да гласате за овој амандман и да обезбедите средства во Буџетот, што е многу пореално. Заради тоа што веќе во текот на расправата за ребалансот на Буџетот ќе можеме да одвоиме дел од овие средства.

Инаку, ова другото што го говорев како решение е многу, многу симптоматично или нереално, затоа што ќе недостасува еден, во кариката, при реализација на одредбите од тој прирачник, ќе недостасува можеби Смиленски. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор госпоѓа Шекеринска Радмила, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Сакам да го искажам својот став во поглед на амандманот и да кажам зошто мислам дека е многу актуелен и зошто мислам дека секое одлагање ќе биде непотребно и недозволена политичка игра со судбините на многу македонски семејства.

Меѓутоа, бидејќи овој амандман, што се однесува на социјално најзагрозените, најсиромашните семејства во Република Македонија и нивната неможност да ги платат во целост своите сметки, пред се за електрична енергија, мислам дека е во ред да спомнеме и тоа што се случува со енергетскиот сектор во нашата држава. Зошто, затоа што состојбите во енергетскиот сектор се

тие кои и денеска диктираат повисоки цени за овој главен продукт за секое македонско семејство. Нема македонскко семејство чиј буџет не е загрозен или нападнат од цената на електричната енергија.

А, цената на електричната енергија најдирекно зависи од тоа колку Македонија произведува, а колку мора електрична енергија да увезува на пазарот, каде што цената е многу повисока.

Денеска, не е случајно тоа, во еден од нашите дневни весници, цела страница беше посветена токму на овој сектор и состојбите. Во изминативе неколку дена медиумите алармираа дека состојбата воопшто не е розова. Тоа го говореше СДСМ во последниве 12 месеци, ама, како по правило, тоа беше одбивано како непринципиелно, како недобронамерно, како критизерско однесување. Денеска “ѓаволот дојде по своето”.

Кога секој втор ден, главната вест во делот на економија или енергетика е кој блок испаднал од работа, значи, работите воопшто, воопшто не се розови, наивни ни случајни. Ни се случува три пати по ред еден од блоковите на РЕК Битола, кој е гарант за стабилноста на македонскиот енергетски систем, од една или друга причина да биде вон сила, да биде вон употреба.

Што се случува во тие моменти? Во тие моменти Македонија интервентно увезува ужасно скапа струја што секоја година е поскапа. Сега постојат неколку образложенија зошто ова се случува на Македонија во последниве 12 месеци? Или во РЕК Битола работат и раководат целосни аматери, тоа е едното образложение, или позади тоа стојат нечии интереси. Јас очекувам дека прво Владата ќе побара одговор на ова прашање, а потоа тој одговор ќе и го понуди на јавноста.

Не може да ни се случи, на иста цевка во РЕК Битола, три пати по ред, во многу кус временски период, да се случува ист тип на дефект. Тоа ќе ви каже секој кој нешто студирал технички факултет, кој бил на техничка школа, ќе ви каже дека веројатноста за такво нешто е непостоечка. И тоа, баш се случува во овие 5-6 месеци.

Она што е интересно е дека, кога јавноста ќе праша, ако причина за ово испад е една цевка, голема и важна, што три пати по ред од исти причини откажува, првото прашање што ќе се постави е - Кој го прави ремонтот? Дали е тоа некоја сериозна фирма што се разбира од таа работа или е тоа фирма - човек која ќе дојде, ќе ја испорача фактурата, ќе биде платена, ремонтот всушност поправката не е завршена.

Интересно е што денеска, на пример, беше објавено дека од РЕК Битола никако не може да се добие клучната информација, кој е тој кој работел на отстранување на овој дефект и кој е оној кој можеби има одговорност зошто тој дефект соодветно и навреме не бил отстранет?

Во исто време ни се случува дефект или можен испад во  брзо време на РЕК Осломеј. Замислете РЕК Битола, РЕК Осломеј, езерата се веќе празни, не можеме да се потпреме на енергијата од вода. Во РЕК Осломеј, исто така имало, велат, ремонт. Сега повикале стручни екипи и еден од луѓето кој треба да биде најодговорен изјавува дека имаат некои осцилации, ама ќе видиме од овие стручњаците, дали ќе работи или нема да работи Термоелектраната. Внимавајте, се прави муабет како да разговараме за дискусија на пазар. Како да не се работи за милионски суми што од некаде ќе треба Македонија да ги плати.

Второто образложение, ако е првото во прашање, односно ако навистина аматери ги раководат нашите главни енергетски капацитети, Владата до сега требаше да ги разреши сите кои носат одговорност за ваквото нестручно и слабо работење на и РЕК Битола и РЕК Осломеј. Тоа не се случува.

Она што е интересно е што првата голема смена, договорена во Владата на Република Македонија, беше токму во енергетскиот сектор. И тоа покажа дека во овој сектор, очигледно, апетитите на ВМРО-ДПМНЕ се големи и дека таму борбата ќе се води до крај, макар и борба во сопствени редови. И денеска, колумната на претходниот ваш директор, тоа не е директор што го именувала опозицијата, туку на владиниот бивш директор на МЕПСО, покажува дека се работело за сериозни разлики или разлики во интереси што Владата ги решила на тој начин што го избришала, го разрешила оној кој пречел во спроведувањето на таквите планови.

Ако не се нестручни, тогаш има многу математика во овие испади. Математиката е многу јасна. Ако пресметате колку чини еден киловат час увезена струја, ако видите дека таа цена расте, 70 евра, 100 евра во одредени моменти, ќе видите дека овој бизнис очигледно станува многу атрактивен. И, што ќе се случи сега? Ако РЕК Битола, еден блок падне, како што ни паѓа секоја недела, тоа значи дека некој или некои или една многу добро позната група ќе профитира со стотици милиони. Ама не денари, туку евра. Што значи ќе се одлеваат пари од Македонија, но ќе се влеваат пари во нечии џебови. Тогаш станува јасно зошто во електроенергетскиот систем на Македонија, кој имал проблеми и во минатото, но никогаш како сега, ни се случуваат вести, секоја недела да бидат поврзани со испад на некој блок.

Во ваква ситуација очигледно е дека една од тезите што ја слушам овие денови од ВМРО -ски кругови е дека во новата Влада на ВМРО-ДПМНЕ, која и не е баш така нова, ни се случуваат некои стари познати однесувања. Се зборува ...

(Дофрлање од место)

Немојте да бидете толку нетрпеливи.

Ни се случува одредени луѓе кои дрмаат во овој сектор во Владата на Република Македонија, веќе самите ВМРО -ци да ги нарекуваат “нашиот нов Ламбе Арнаудов”. Оти состојбата и во денешен ЕЛЕМ и МЕПСО беше многу интересно ако ја

анализирате состојбата од 1998 до 2002 година, каде се гледаше на секој одржан Управен одбор на јавното претпријатие, како течеле пари, илјадници евра за стипендии на некој функционери на ВМРО-ДПМНЕ, за поддршка на фирми на ВМРО-ДПМНЕ, за поддршка на невладини и спортски организации за кои никој никогаш не слушнал. Тогаш беше виновен Ламбе Арнаудов, меѓутоа очигледно е дека таквото однесување на некој друг Ламбе Арнаудов продолжува.

На пример, интересно беше што Управниот одбор на едно од претпријатијата беше сменет, заради тоа што Јавното претпријатие почнало да дели подарици. Како ќе ги вратиме тие подароци, од буџетот ќе ги вратиме. Па знаете, секој може да биде таков директор на Јавно претпријатие кога ќе си создава долгови, ќе си подарува пари, а потоа од Буџетот ние ќе му ги надоместуваме загубите. Меѓутоа, сето ова води кон зголемена цена на електрична енергија, што ќе може да се држи на одредено ниво заради тоа што ќе биде огромен социјален проблем во иднина, меѓутоа тоа не може безконечно да трае.

Затоа, ако се сеќавате на изјавата на премиерот Груевски пред извесно време кога велеше тврдо дека нема никогаш да поскапи цената на струјата, сега вели - барем не во догледно време. Тоа “догледно време” можеме да прочитаме колкаво е. Се додека државата може со инекција да ги надополнува овие сериозни загуби во државните претпријатија што се правени поради непрофесионалност, заради интереси на неколкумина и заради непотребно трошење на државните пари. Кога ќе се случи тоа, ударот врз најсиромашните семејства, меѓутоа и врз секое семејство во Република Македонија ќе биде поголем.

Меѓутоа, дури и денеска, еден од главните проблеми на социјално најзагрозените семејства е како да ги подмират основните комунални трошоци. Тука не е само струјата, иако овој амандман на тоа се однесува, тука е струја, вода и некои други комунални активности. Меѓутоа без струја, господо пратеници, не може ниту едно семејство да живее.

Огромен дел од нашите семејства обезбедуваат греење со користење на електрична енергија. Со тоа, трошоците за неколкуте следни зимски месеци ќе се зголемат. Се надевам дека, кога ќе дојдат и ќе се пожалат на некого од господата и госпоѓи пратеници од парламентарното мнозинство, нема вака безобразно да им се смеете. Затоа што работата не им е лесно. И затоа што цел треба да биде и на парламентарното мнозинство и на опозицијата не да им дофрлува и да им дава коментари, туку да понуди некакво решение.

Зошто мислам дека решение што сега го предлагаме преку амандман, а е предложено со закон е добро. И, зошто мислам дека денешнава дискусија ќе беше многу попродуктивна ако претседателот на Собранието си ја вршеше работата како што треба.

Имено, неколку закони чекаат да дојдат на дневен ред и никако да стигнат на дневен ред. И, како по правило, тоа се секогаш точки и закони многу важни за граѓаните. Овде беше спомнат примерот со стечајните работници. Законот стои и е заглавен на сто и некоја точка од дневниот ред на некоја седница што Љубиша Георгиевски ја заборавил. Законот што го предложивме, исто така испратен до претседателот и сега се надеваме дека ќе му текне дека не се работи за закон на опозицијата, туку се работи за закон, добар за граѓаните на Република Македонија. Ако тој закон стигнеше на дневен ред ќе водевме многу поконцентрирана дебата и тогаш, ребалансот на буџетот само ќе го отсликуваше ставот на Македонското собрание.

Што предвидува тој закон и за што бараме пари во Буџетот на Република Македонија, односно во ребалансот што денеска го дискутираме, а е предложен од Владата? Со вака предложениот амандман сакаме од Буџетот на Република Македонија да се покриваат сметките за струја на социјално најзагрозените македонски семејства. Тука, навистина сакаме да ги опфатиме сите социјални групи. Семејства кои живеат од социјална помош, немаат друг приход за живот, семејства кои немаат ниту еден вработен, семејства од кои работи само еден од членовите, меѓутоа со минимална плата. Да не заборавите, минималната плата во некои сектори е шест илјади денари. Ако од тие шест илјади денари, а тоа е единствениот приход во семејството, треба да се плати струја од 800 до 1000 денари, остатокот навистина не дава шанси дури ни да се покријат основните трошоци на живот. Семејства во кои што единствен приход е пензијата ...

(Дофрлање од место)

Се извинувам госпоѓо Дулиќ.

**Иван Анастасовски:** Смирете се, смирете се,

(Дофрлања од место)

**Радмила Шекеринска:** Јас се согласувам дека со вашите приходи и со тоа што си го вработивте целото семејство вие навистина не се грижите за сметките за струја. Вие не се грижите. Меѓутоа, ако ништо друго, можете да ги прочитате амандманите ...

(Реакции во салата, а претседавачот предупредува на ред)

... можете да ги поддржите амандманите, а можете и да молчите кога друг говори.

**Иван Анастасовски:** Ве молам колеги, ве молам да се сослушаме.Продолжете.

**Радмила Шекеринска:** Значи, за овие загрозени семејства, нашиот предлог, предлог на Социјал демократскиот сојуз е од Буџетот да се покриваат сметките за струја во износ од околу 1000 денари на месечно ниво. На тој начин сметаме дека, прво, ќе се реши елементарниот проблем како да

се покрие нешто, што секој од нас има право да го користи. Електрична енергија не е луксуз, господа пратеници. Електричната енергија е потреба. Живееме од и со електрична енергија. Меѓутоа, се разбира дека тука не треба ни да запреме.

Беше многу интересно пред некоја недела да се види насловната страна на еден од дневните весници, каде што стоеше дека, тоа беше откако беше предложен овој закон, меѓутоа сеедно, каде што стои дека Владата е подготвена, дека Владата сака да покрие одредена сума на пари за да се платат сметките за струја и одредена сума на пари за да се платат сметките за вода.

Меѓутоа, знаете што госпоѓи и господа пратеници и претставници на Владата, наместо да се брифираат новинари и да се бара насловна страна, дајте да видиме што е вашето вистинско мислење на денешнава седница. Дајте да провериме што навистина вие сакате да направите за сиромашните семејства, освен што им се смеете во нивно лице.

(Реакции со дофрлање)

**Иван Анастасовски:** Колеги, ве молам, ве молам да се сослушаме.

(Реакциите продолжуваат)

Колеги, ве молам да продолжиме.

Се извинувам, продолжете со расправата по амандманот.

Ако може колеги да се сослушаме.

**Радмила Шекеринска:** Јас ја разбирам нервозата на пратениците кои не знаат ниту еднаш да се јават ни за ребаланс на Буџет ниту за било кое друго прашање и единствено, максимум што стигнале во својата досегашна пратеничка кариера е да дофрлат. Па, ќе се насмеат, па ќе си направат штос со соседот пратеник, ќе си отидат, ќе си ја земат платата, па кој да мисли за социјалните семејства. Кој да мисли?

(Бурни реакции со дофрлања)

Бидете доволно пристојни, барем немојте да пречите ако не помагате. Толку.

**Иван Анастасовски:** Ве молам колеги.

Би ве замолил вас продолжете по амандманот.

Колеги, да се сослушаме.

**Радмила Шекеринска:** Господине потпретседателе,

Очигледно, на пратениците им е здодевно на сериозна тема да се дискутира. Нека предложат точка на дневен ред "Слободна тема", па нека дискутираат за се ова што дофрлаат. Само и тогаш ќе треба да станат и да дискутираат, а не им оди тоа многу добро.

Господа пратеници, пред себе имате амандман. И, можете да станете и да кажете дека не се согласувате со амандманот. Јас ќе го почитувам вашето мислење.

Меѓутоа, не можете да седите од другата страна да уживате во тоа што ете сега ќе се заврши дискусијата, па не мора да ја слушате опозицијата и притоа да дофрлате. За тоа не сте платени како пратеници. Излезете надвор, работете нешто друго, контактирајте со своите избирачи и прашајте ги дали би било добро на најсиромашните да им помогнеме со сметките за струја. Прашајте ги. Не ме слушајте мене, не ги слушајте пратениците од опозицијата, нашето мислење и онака не ви е битно.

Значи, тој план на Владата беше најавен во медиумите. Претпоставувам дека тоа не било измислица. Интересно е што после тоа, откако почна дискусијата по ваквиот амандман за ртебалансот на Буџетот, немаме позитивна реакција од Владата. Ако постои расположение, или ако постоело расположение да се заврши.

**Иван Анастасовски:** Колеги, ако навистина некој нема трпение за овие 8 минути, нека излезе. Да се сослушаме, имаме уште 8 минути до крајот на работното време.

Ве молам и вас колешке да се држите до амандманот. Продолжете.

Јас знам дека нема Деловник ова што може да го санкционира, кој и да биде претседавач ова да го санкционира. Тоа си е ваша лична култура. Не знам како поинаку. Повелете продолжете.

**Радмила Шекеринска:** Некој тврдеше дека Владата била детска градинка, денеска мислам дека во оваа детска градинка ни ја пратија првата генерација. Тие на една година, година ипол мислам дека повнимателно ќе ја следеа расправата. Нејсе. Да бидам искрена, таа најава за таков некој закон од страна на Владата, мислам дека е добра, заради тоа што неплаќањето на сметки, односно помошта од Буџетот да се платат сметките ќе носи две предности. Едно е ќе им помогнме на тие што имаат најголеми социјални проблеми. Тоа е без дилема.

Меѓутоа, од друга страна, особено ако говориме за плаќање на сметките за вода и некои други основни комунални потреби, ќе им помогнеме дури и на комуналните претпријатија, без разлика дали се на локално или на државно ниво. Бидејки што се случува ако отидете во било која општина, со билокакво локално комунално претпријатие. Што ќе се случи? Ќе се случи сметките за вода да стигаат кај најсиромашни семејства што не можат да ги платат. Имаат 2500-3000 денари, ако на нив се додадат и данокот на имот, кај оние кои што имаат некаков имот, тогаш сумата на пари кој што треба да и ги платат на државата се многу.

Мислам дека граѓаните први почувствуваа дека ветувањето за помали даноци е ветување само за наивни. Секој од нас денеска плаќа повеќе, за тоа што го имал пред година дена и што го има сега. Секој плаќа повеќе. Сега дури и на вработените во јавната администрација на кои што ќе им се покачи платата од 1000 или 2000 денари, истите пари, само треба да ги вратат во Буџетот, за да исплатат стан кој што го имале било каде во

Скопје за кој минимум 1000 денари ќе треба да уплатат.

Меѓутоа, кај овие најсиромашни семејства проблемот е што тие никогаш не можат да ги платат овие комунални трошоци, јавните претпријатија им ги фактурираат, мора да ја исплатат сметката. На таа семтка плаќаат ДДВ на државата, парите никогаш не си ги враќаат назад. Притоа, заради тоа што никој не им плаќа пари за водата или за другите комунални услуги, тие мораат да ги тужат на суд, па плаќаат дополнително и судски трошоци и во јавните претпријатија дополнително се создава дупка, која што апсолутно е непотребна. Само ги малтретираат и не можат да ги решат. Ќе одат во некое сиромашно семејство, ќе оди извршител што ќе земе, ако нема што да се земе. Заради тоа, решението и на проблемите на овие претпријатија, меѓутоа, најмногу на семејствата кои што не ги плаќаат сметките, не заради тоа што не сакаат, туку заради тоа што не можат и тие пари од Буџетот да ги префрламе за покривање на тие сметки.

Денеска со овој амандман, предлагаме една сума која што е доволна за преостанатите месеци во годината. Се разбира дека следната година таа сума би била посериозна. Меѓутоа, убедена сум дека е подобро овие пари во Буџетот да ги намениме да одат во семејствата кои што најмалку имаат, отколку секоја година со огромни милиони евра да го частиме МЕПСО или некое друго претпријатие.

Затоа, јас би апелирала и до пратениците, не знам дали да побарам ревизија на ставот и од страна на Владата. Мислам дека се работи за добар амандман, кој што би требало да биде подржан со закон кој Собранието би го усвоило. Ние немаме суета. Ако Владата не сака да прифати закон предложен од опозицијата, ние се согласуваме, ќе кажеме го повлекуваме законот, дајте вие подобар. Нема да имаме ниту една дилема, дали да гласаме или да не гласаме. Верувајте, нема да имаме таква дилема. Ако на Владата не и е згодно да каже дека ваков проблем е решен како резултат на иницијативата од опозицијата, нека излезе со предлог, ќе го прифатиме. Меѓутоа, дајте колеги да решиме едно прашање кое значи многу на македонски семејства. Дајте покажете дека во политика не сте или не сме влегле сите заедно, само за да остварите личен интерес, или лична амбиција. Има многу прашања кои што се отворија по прашањето на Буџетот, меѓутоа мислам дека овој е еден од социјално најактуелните и социјално најкритичните амандмани во сегашниот ребаланс на Буџетот.

Јас претпоставувам дека Владата се додека не се промени состојбата нема да оди на покачување на струјата. И покрај тоа што тоа не е нејзина одлука. Апсолутно не е нејзина одлука, меѓутоа, ќе побарам од претпријатијата кои што се под нејзина контрола да не бараат покачување на струјата.

Меѓутоа, верувајте и со сегашната цена на електричната енергија, имајќи предвид колку е скап увозот на електрична енергија, сметките за струја се огромен товар на домашниот буџет на секое семејство.

Она што мислам дека е проблем за кој што треба да дискутираме на посебна седница е состојбата со случувањата и проблемите во енергетскиот систем. Јас сум убедена дека овој не е момент за тоа да се дискутира. Меѓутоа, жалам, што никако тие теми не доаѓаат на дневен ред. Еве нема да говорам за ОКТА и таа спаѓа во енергетскиот систем. Нели парламентарното мнозинство немаше од што да беага...

**Иван Анастасовски:** Јас се извинувам, имате уште една минута до редовното време. Ајде повелете.

**Радмила Шекеринска:** Прашањето на ОКТА е прашање кое е болно за ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, ако заменик претседателот на Владата Ставрески, инаку многу актуелен во енергетскиот сектор, според кажувањата во ВМРО-ДПМНЕ, ако тој тврди дека нема власта од што да бега, јас сум убедена дека утре можеме да имаме седница за ОКТА. Само така се надевам во последните две-три недели но никако да дојде таа точка на дневен ред. Никако да дојде да дискутираме и Владата да излезе пред Парламентот, или во јавноста со одговори на прашањето, што се случува со приватизацијата на ТЕЦ Неготина.

**Иван Анастасовски:** Јас се извинувам бидејки сем на крајот,

**Радмила Шекеринска:** Уште последната реченица. Значи, ниту ОКТА, ниту ТЕЦ Неготина, ниту овој постојан многу сомнителен увоз на струја кој оди во нечии џебови во власта, не се доволна причина да дискутираме на овие теми.

Меѓутоа, мислам дека состојбата во која што се наоѓаат огромен број македонски семејства треба да влијае да го смените својот став и да подржите 1000 денари од нивната сметка да ја покрива Буџетот на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Бидејки има петторица од колеги пријавено за реплика, тоа ќе мора утре. За денеска завршуваме. Утре во 10,30 имаме нова 74-та седница, а по неа продолжуваме со 71-та седница на Собранието на Република Македонија. Ви благодарам колеги.

(Седницата прекина со работа во 17,30 часот)